# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јануари 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 14,30 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Замир Дика, Насер Зибери и Љубисав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес во начело по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас моментално се откажувам, но задржувам право покасно да се јавам за збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи господинот Караџоски се откажува, повлекува.

Има збор господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние вчера ги слушнавме излагањата прво на премиерот, а потоа на министерот за финансии и верувајте дека сите ние сме убедени дека воопшто не е тешко да се фалиме пред пратениците, пред јавноста, не само затоа што микрофоните трпат се, туку од една проста логика што во политиката е можно се и можно е се да се оправдува, па дури и најголемиот пораз може да се претвори во голема победа. Но, ако реално ги согледуваме проблемите, односно другата страна на медаљата, тогаш се враќаме на реалноста. Јас како економски лаик, од причина што по професија не сум економист бев принуден да консултирам дополнителна литература што значи буџет. Читајќи се и сешто се убедив дека тешко може да се нарекува Буџет ова што се предлага како закон пред нас. Имено, се поставува прашањето зошто постои таков акт, зошто постои Буџетот како акт, зошто се донесува што е целта за донесување на овој акт. Дури како правник неможев да си се убедам дека овој акт би требало да се нарече Буџет. Ова го велам од следните причини.

Прво, сосема е јасно дека Буџетот претставува акт на трошење на средствата за општи цели и тоа претпоставува дека секој денар би требало да се потроши на таков начин, само ако ја помине процедурата пред ова Собрание. И тука се поставува едно важно прашање. Имено, сите ние знаеме дека пред неколку месеци се продаде македонскиот Телеком за околу 700 милиони германски марки и веројатно тие пари секој од нас е убеден дека претставуваат државен капитал и како таков би требало да влегува во Буџетот и да се предвидува начин како ќе се трошат тие пари. Наспроти искажувањата кои беа кажани и пред неколку месеци па и директно тука дека тие средства односно за тие средства ќе решава Владата на Република Македонија како ќе се трошат. Не сум слушнал дека некаде во светот постои таква можност Владата надвор од Парламентот да одлучува за толку голема сума на пари која претставува државен капитал. Значи, самиот факт што Владата презема такви обврски што уставно припаѓаат на Собранието очигледно дека тука не можеме да зборуваме за Буџет во целосна форма на своето својство. Ако се сеќавате добро кога беше усвоен ланскиот Буџет беа предвидени и парите кои државата ги стекна со продажбата на ОКТА и со продажба на Стопанска банка. Значи, со ова практично се нарушува не само Уставот туку се нарушуваат и основните причини на една нормална правна држава. Поинаку, вака како ние работиме односно Владата како ни сугерира објективно и така ќе постапиме, сметам дека не можеме да разговараме за Буџет туку за емитација на Буџет или за фрлање прав во очите на јавноста.

Имено, беше кажано од највисоко и најкомпетентно ниво дека парите од Телеком ќе се потрошат за социјални цели, за образование и наука, за исплаќање на долгови, за инвестиции и т.н. Незнам какви се тие овластувања исцрпени од страна на

Владата дека може тие пари надвор од ова Собрание да ги потроши за овие цели кои јас ги наведов тука. Веројатно би требало тие пари да влезат во Буџет, па предвидени со Буџет да се трошат за такви цели. Тоа што 700 милиони германски марки не се предвидуваат во Буџетот мислам дека остава сомнеж кај луѓето што ќе се прави со тие прави и кажувањата кои беа изнесени тука вчера од премиерот дека дополнително ние ќе се состанеме и пак ќе одлучуваме за тие пари мислам дека нема објективна основа, затоа што очигледно се работи за преголема сума на пари за кои нема никаква логика да се предвидува со ребаланс каде ќе одат тие пари. Значи не се работи за 1.000.000 марки, или 10.000.000 марки па со ребаланс нема воопшто проблем со ребаланс да ги распоредуваме, туку се работи за 700.000.000 германски марки.

Втор сегмент во однос на предложениот Буџет е сегментот на социјалата. И оваа година на жалост ставката за социјала е скоро на исто ниво во споредба со минатата година, а имаме една многу лоша состојба од аспект на социјалниот сегмент. Некои сондажи кои беа објавени пред неколку дена од некои истражувања покажаа дека најмалку 25% од луѓето се до крај сиромашни, други 25% се на работ на сиромаштијата, значи 50% од населението кај нас се сиромашни луѓе кои не можат ни најосновните потреби да ги задоволуваат. И тука се поставува прашањето - толкав суфицит на пари има и тие пари беа собрани од страна на граѓаните по различни основи (ДДВ, акцизи, струја, нафта и др.) зошто да не се предвидува ставката која се однесува на социјалата рапидно зголемување со што ние ќе докажевме дека сме социјална држава, како што предвидува и Уставот. Социјалниот елемент е многу важен елемент и ние сме загрижени за елементарното достоинство на луѓето односно граѓаните.

Трет сегмент се платите во државната администрација. Со години веќе се образложува дека платите неможат да се покачуваат од причина што не стегаат меѓународните финансиски организации, ММФ, Меѓународната банка за обнова и развој и т.н., за да на крај имаме изјави од најкомпетентни луѓе па и од министерот за правда дека ние ако испуштиме околу 4.000 луѓе од државната администрација ќе можеме да направиме ефикасна и функционална администрација добро платена. Вака беше кажано. Тука гледаме дека нема ни еден милиметар одење напред што значи дека констатациите или изјавите, или ветувањата кои беа дадени паѓаат во вода од причина што практично што со вакви стандарди, со ваква стапка ниту можеме да имаме ефикасна администрација, ниту можеме да имаме професионална администрација, ниту можеме да имаме одговорна администрација, а можеме само партиска администрација, со оглед на тоа што уште повеќе на жалост веќе се примаат нови луѓе во државната администрација.

Четврт сегмент кој исто важи е сегментот на земјоделието. Имено изгледа нас ни е рак рана со години што ја занемаривме оваа многу чувствителна и важна област, дури егзистенционална област за огромен број граѓани во Република Македонија. Можам да кажам дека ние сме една од многу ретките држави во светот која не го субвенционира земјоделството.

Петти сегмент во однос на предложениот Буџет е здравствената состојба која ја имаме. Имено ние имаме таква состојба која најмалку може да се нарече дека е конфузна. Нерешените односи помеѓу фондот и министерот веќе за секого се јасни и цехот од тоа го плаќаат граѓаните на Република Македонија.

Шести сегмент. Некаде на страница 74 од Предлогот на Буџетот стои стапка од 150.000.000 германски марки за недефинирани цели. Значи не се работи за 1.500.000 марки, или 15.000.000 марки, туку се работи за 150.000.000 марки за кои Владата нема идеа за што ќе ги троши, меѓутоа ги ставила во Буџетот за секој случај. И тука автоматски се поставува прашањето што ќе се прави со тие пари. Сомнежот е тука. Дали со тие пари да се купат партиски претпријатија или нешто друго, меѓутоа останува необјаснето.

Мислам дека во споредба со големината на нашиот Буџет стапката за недефинирани мерки е астрономска во споредба на стандардите кои другите земји евентуално предвидуваат таква стапка.

Инаку, начинот како се полни Буџетот без оглед на тоа што беа кажани одделни релаксирани прашања во однос на даноците, во однос на ДДВ и т.н. сепак и оваа година веројатно ќе работиме во стилот на богата власт, а сиромашна држава или сиромашни граѓани. Имено, не случајно веќе околу 30 илјади претпријатија ставија катанец на вратите а уште повеќе од 30 илјади други се пред стечај.

Затоа јас мислам и предлагам Владата уште еднаш да ги анализира сите

објективи за да може да предложи Буџет кој ќе биде опортун на нашите економски, политички, социјални, културни, образовни состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците што не се во салата да влезат во салата за да имаме доволно пратеници да можеме да продолжиме со работа.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата и да си седат на своите места, затоа што немаме доволно пратеници за да можеме да работиме.

(Пратениците влегуваат во салата).

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прашањето што претходниот дискутант го постави беше кажано во нашето уводно излагање, но на индиректен или директен начин, па уште еднаш барем на едно од нив, кое ме заинтригира повеќе вниманието е прашањето за Телеком - зошто средствата од Телеком не се внесени во Буџетот.

Средствата од Телекомот пристигнаа оваа година во месец јануари, меѓутоа тоа не е главната причина зошто не се внесени во Буџетот. Главната причина е што пред Владата да ги внесе во Буџетот има намера да направи стратегија за трошењата на средствата. Колку од средствата за што ќе се трошат и кога. Можеби дел од средствата ќе се трошат идната година, или нешто слично. Ние сме во фаза на подготовка на програма, или стратегија за трошење на средствата од продажбата на Македонскиот Телеком од која што очекуваме за недела до две да биде одобрена од Владата, а подоцна ќе биде погледната и од меѓународни експерти вклучувајќи и експерти од Светската банка. Веројатно ќе биде претставена и пред Парламентот на Република Македонија.

Откако тоа ќе биде завршено, планот е тоа да се заврши најмногу за еден месец до месец и половина, за времето не можам да гарантирам, но откако тоа ќе се заврши ќе се оди на ребаланс најверојатно специјална за средствата од Телекомот. Редовниот ребаланс што го планираме и што го најавуваме е некаде во јуни.

Тоа е планот за трошење на средствата од Телеком и од таа причина тие не се ни тука. За да ги внесеме треба да знаеме во која ставка. Во овој момент самата Влада не знае во која ставка точно ќе одат средствата. Треба да направи план, парите дојдоа сега, во последен момент никој не можеше да гата однапред кога ќе дојдат парите, дали ќе биде успешна приватизацијата на Телеком, дали како во некои други приватизации во Централна и Источна Европа во последен момент нема да се случи и откажување на инвеститорите и слично. Откако се се заврши добро, откако парите пристигнаа сега доаѓа времето кога треба да се направи една добра програма потврдена од наша страна, потврдена од наши експерти, потврдена од меѓународни експерти и потоа да се вметне во Буџетот.

Тоа е одговорот. Мислам дека тоа беше кажано и вчера, но можеби некој не слушнал, некој не сакал да слушне и т.н.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитуван господин министер. Денес на дневен ред е донесувањето на Предлог - Буџетот на Република Македонија за 2001 година и законите за извршување на Буџетот.

Станува збор за еден сериозен проект кој заслужува нужно внимание и по вчерашното излагање на премиерот на Република Македонија и министерот за финансии се одлучив да продискутираме за овој акт и да ги дадеме нашите забелешки кои по истиот ги имаме.

Буџетот и законите недоволно јасно или недоволно јасно се презентирани со следните работи:

Буџетот за 2001 година иако е замислен во однос на Буџетот од 2000 година, поточно од 61 милијарда денари на деведесет и осум милијарди денари неможат да се направат добри споредби затоа што за 2000 година не се дадени податоците за дополнителните приходи што беа остварени во Буџетот, како на пример приходите од самофинансирачките активности. Ова суштински оневозможува реални споредбени оценки на двата буџета.

Владата се декларираше дека Буџетот за 2001 година се базира на три столба и тоа: Развоен, социјален и инвестиционен. Ова не е сосема точно затоа што само за финансирање на тековните трошоци на работење на органите на управата предвидени се 56 милијарди денари или за 72% повеќе.

За капитали трошоци е предвидено 15 милијарди денари, или за 19% повеќе. Во капитални трошоци се предвидени

средства за купување на административен простор, возила, односно изградба, реновирање и т.н. Оваа ставка неопходно е поконкретно да се образложи за да се види за какви инвестиции се работи.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Во Буџетот за 2001 година се предвидени средства за државниот капитал. Имено, во Раздел 931, подраздел 7262 нема податоци за приходи, што е чудно ако се земе предвид дека претстои приватизација на Електростопанство на Република Македонија, дека е извршена приватизација на Телеком. Треба да се допрецизираат и останатите неприватизирани делови на стопанските субјекти. Оттука, станува јасно зошто не се предвидени програми за трошење на овие средства, што упатува на сомневање на тврдењата за развојни или инвестициони компоненти во Буџетот за 2001 година.

Овде користам прилика да искажам сугестија овие средства, нивното трошење да биде регулирано со закон со донесување на закон за трошење на овие средства и пред се во развојни компоненти во стопанството на Република Македонија.

4. Паѓа во очи што некои трошоци кои се предвидени во Буџетот за 2001 година се тројно зголемени во однос на Буџетот за 2000 година. На пример, ставката за патни и дневни трошоци од 232 милиони денари во 2000 година, за 2001 година е планирана со 770 милиони денари. Предвидениот износ за патни и дневни трошоци околу 220 милиони марки е апсолутно неприфатлив во поглед на економско - финансиската и социјалната состојба на земјата.

Постојат и други забелешки како на пример:

Со високата концентрација на финансиски средства во Министерството за финансии од 7,8 милијарди денари во 2000 година на 13 милијарди денари во 2001 година. На тоа Министерство му се даваат големи финансиски ингеренции, со опасност тоа да се претвори во центар на политичка моќ.

Кај социјалната заштита е останат истиот износ на 14,6 милиони денари, што укажува дека нема никаква врска со третиот столб, социјалната димензија на Буџетот за 2001 година.

За одбележување е што во делот на здравството има намалување од 311 милијарди денари на 308 милијарди денари. Тука се укинати средствата предвидени за хронично болни, а се зголемени платите во Фондот за здравство во износ од 147%. Со мерката што беше донесена пред една недела ги видовме реакциите на граѓаните на Република Македонија и сугерираме оваа ставка што ќе биде проследена со поднесување амандман, да биде зголемена, со тоа што за хронично болните би можело да се издвојат повеќе средства за здравствена заштита на граѓаните на РМ.

Намалување има во образованието во насока што можеби е логично ако се сака да се оди кон пазарно однесување во овие сектори, но потполно е нејасно неразумното зголемување на Буџетот како на пример во Министерството за финансии, кој изнесува скоро 200%.

Текстуалниот дел е непотполн и не ги дава потребните објаснувања како за приходната, така и за расходната страна, што целиот Буџет дополнително го прави недоволно јасен.

Во самиот материјал има сериозни забелешки, особено за новоформираните министерства.

Би сакал уште да кажам дека исто така се води рестриктивна политика во однос на изворните приходи на Локалната самоуправа. Имено, веќе подолго време изворните приходи на локалната заедница се на ниво на 840 милиони денари.

Воедно, ја даваме целосната подршка на реформските мерки кои Владата ги донесе во 2000 година и со оваа проекција што треба да ги донесе во 2001 година. Целосна подршка и пофални зборови за воведување на ДДВ кои ги даде позитивните ефекти во Буџетот за 2000 година, за кое искажавме суфицит, но со единствена забелешка во приходната година Буџетот што е планиран да биде тековно следен и со одредени фискални закони и реакции со предлози на Владата, да се контролира да не се дозволи во 2001 година висок суфицит или поголем дефицит во билансот, кој според горе изнесеното мислам дека не би требало да дојде како дефицит.

Во целина ја подржуваме иницијативата за намалување на административна режија, односно трошоците во буџетските установи, меѓутоа, со мерките мислиме и даваме сугестија за одредени помеки мерки што би значеле ослободување од административната режија и растоварување на Буџетот преку осамостојување на одредени бироа кои се на товар на Буџетот на РМ, преку расветлување на одредени административни активности кои ги вршат одредени

вработени во овие министерства со формирање на приватни претпријатија и нивен сервис на заедничките служби односно на буџетските установи.

Во целина ја подржуваме иницијативата за брза трансформација на недефинираниот капитал односно државниот капитал на сите фирми, што е основната забелешка на работењето од 1998 година на претходната Влада. Имено, мојата основна забелешка на Владата која беше до 1998 година во овој дел беше моделот на трансформација и брзината на спроведување на трансформацијата. Откако беше донесен моделот покажаа огромна слабост во брзината на спроведувањето на таа трансформација. Оваа Влада го прави спротивното, и покрај тоа што има сериозни забелешки од страна на одредени политички субјекти во Република Македонија, јас лично се произнесувам за целосна подршка и за брза трансформација, што ќе доведе до поголем влез на странски капитал и развојни ефекти во стопанството на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да работиме.

Молам, службите веднаш да ги повикаат пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме да работиме.

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места за да може Собранието да работи.

(Неколку пратеници влегоа во салата).

Молам нека седнат пратениците за да можеме да работиме.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, по се изгледа ќе морам да почнам од онаа мисла што ја кажа гостинот на ова Собрание на претходната седница г-динот Ели Визел, дека најлошото од се на овој свет е рамнодушноста. Бидејќи не сакам и јас да бидам меѓу тие рамнодушни кога се дискутира за Буџетот, иако не сум стручњак за економија, сакам да земам збор и мислам дека ќе се разбере моето излагање.

Воедно, поради мојата одбојност кон таа рамнодушност, би сакал со резигнација да ја констатирам рамнодушноста кон колегите, партиите и координаторите за кворумот и без разлика кои групи влегуваат во сала изгледа е хронична. Исто така, би сакал да ја искажам резигнацијата за рамнодушноста на Парламентот, а и на претседателот на Парламентот за неможност или за несоздавање услови за присуствување на оваа седница на целата опозиција, поради тоа што Буџетот е еден акт за секоја држава и за секоја влада и самиот министер и партијата на власт би била среќна кога би имала такви интервенции и такви сугестии кои со својот квалитет и содржина би помогнале за подобрување на дејанијата понатаму. Тука одговорноста припаѓа на сите тие што се инволвирани, а одговорноста на спикерот на Парламентот не може објективно да се одвои.

Исто така, би сакал да не бидам резигниран во однос на натамошниот тек на седницата, каде што парламентот односно владината коалиција како пратеници ќе знаат да побараат од Владата да се постават над Владата кога станува збор за состојбите сврзани со Буџетот, при што по се изгледа Буџетот е продукт на работата на Министерството за финансии и на Владата, но по се изгледа во еден голем дел е согласно ставот и препораките на ММФ и Светската банка, па според тоа на почетокот не би требало да се задоволуваме и да кажеме однапред дека ги исполнува нашите потреби, а уште повеќе потребите на граѓаните на РМ.

Уште на почеток да кажам принципиелно дека во принципот на анализирањето на Буџетот има неколку начини и пристапи. Едниот може да биде доктринарен, затоа што многу парламенти се така поставени, поради доктринарна поставеност на одделни партии, на леви, десни и партии на центарот, тие го имаат својот пристап и кон Буџетот. Но со оглед на тоа што го реков претходно, ние како парламент и Владата посебно, и не само оваа Влада туку и претходните, не се во можност затоа што таква ја направивме состојбата кај нас, доктринарно да се поставиме кон Буџетот, што ние тука се расправаме за еден или два проценти какви ќе бидат таксите, за два или три проценти каква ќе биде социјалата, па според тоа да го поставиме и нашето видување спрема одредени многу важни состојби во државата и според тоа да суди и граѓанството каков ќе биде животот во целата година, дали полесен или потежок, дали ќе има повеќе социјала и здравство, дали ќе има поевтини кредити за развој, Според тоа, бидејќи нашиот Буџет во голем дел е аминуван од ММФ и Светската банка, а тоа изгледа е

обврска, мислам дека доктринарниот пристап кон анализа на Буџетот е сувишен.

Другиот начин и пристап кој што треба да се комбинира е стручниот аспект. За тоа не сакам да зборувам затоа што не сум стручњак на тоа поле. Затоа ќе се задржам на третиот и поважниот пристап кој мислам дека е интересен за граѓаните, а тоа е практичниот аспект, односно самото сознание како ќе влијае овој Буџет што го донесуваме сега за 2001 година, како ќе живеат нашите граѓани, дали тие ќе живеат малку полесно сега споредено со 2000 година или ќе им биде тешко како што им беше оваа година, дали смеат да се надеваат на подобар живот и пак да се надоврзам на излагањето на г-динот Визел кој рече дали ќе им дадеме малку повеќе надеж, затоа што надежта е најголема во животот на човекот пред се.

Затоа, од практичен аспект го прифаќам и ставот на тие што го образложија Буџетот, односно премиерот и министерот за финансии, при што тие изнесоа бројки кои се за поздравување и задоволителни. Така, тие рекоа дека за прв пат во Македонија ќе се овозможи 170 милиони марки да им се подарат на граѓаните на Република Македонија како системска мерка преку намалување на царини, такси и разни други околности, кои веројатно се претпоставува дека ќе влијаат позитивно на развојот и на развојната компонента, која со Буџетот се сака да се промовира како една од важните компоненти.

Исто така, се кажа дека ќе има и 4,7 милијарди денари нелоцирани средства, кои можеби според мое мислење не се добрата страна на Буџетот. Напротив, мислам дека тие се можеби лошата страна на Буџетот поради тоа што ние како пратеници би сакале да знаеме и би сакале да влијаеме, затоа што сепак како Парламент ние сме власт, без оглед кој е позиција ние сме законодавна власт која е одговорна без разлика на страната за тоа каде се троши денарот на овој народ, каде се трошат парите на овие граѓани.

Затоа, да не должам во овој момент, преку разни амандмани ние сме атакувале токму на овие средства, што се надевам дека е за доброто на граѓаните и се надевам дека Владата ќе најде сили и тој наш пристап кон распоредување на овие средства на транспарентен начин и овој денешен ден да се прифати, затоа што тоа е дополнување на тие ставки каде што се претпоставува дека граѓанството и граѓаните ќе бидат задоволни.

Од тој аспект кога се набројуваа позитивните ефекти на Буџетот се кажа и еден друг аспект. Имено, се кажа дека платите во целокупноста на Буџетот ќе претставуваат наместо 37% 28%. Јас ја знам тенденцијата на ММФ за земјите во транзиција, вклучувајќи ја и Македонија, таа бројка да се сведе на 20 или 21%, што би било прифатливо како процент за земање од бруто доходот за плати. Тоа значи дека ние ќе имаме намалување на овој процент, што може да се должи и на приватизација во еден дел на јавните ресурси, јавните асоцијации и организации, еден дел поради намалување кое е малку за очекување, затоа што во агрегатите на макроекономската политика се вели дека тоа ќе биде само за 0,3%, што е малку да се очекува, за да падне тој процент на 28%. Затоа, мислам дека таа ставка треба сериозно да се разгледа, да се размисли и да се види дека во ваква социјална атмосфера како што постои во Македонија тешко може да се очекува дека делот за платите во Буџетот ќе биде за 10% помал, што во услови на зголемување на плати за 2,3% мислам дека ќе биде уште еден социјален удар кон граѓаните и мислам дека тоа ќе го чувствуваат граѓаните. Затоа, ова се елементите кои Владата ги прикажа како позитивни и бидејќи сме во реформи и реформите се во согласност со препораките на ММФ, од тој аспект и јас мислам дека се позитивни. Меѓутоа, од друг аспект со самото тоа што огромни средства се издвојуваат за резерви значи дека ние како држава не мораме тоа е мојот став да гледаме која е потребата на ММФ, туку да се изнајде начин Фондот да се убеди дека нашите потреби се поинакви од тоа што тие стриктно сакаат да го аплицираат овде. Зошто? Затоа што кај граѓаните се стекнува впечаток дека Фондот неретко сака само да не оспособи да им ги вратиме долговите. Ако тоа е целта на ММФ, мислам дека ќе ме доведете во состојба поради социјалните проблеми што ги задава таквиот начин на конципирање на Буџетот да не можеме не само да ги вртиме туку да се задолжиме уште повеќе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Затоа мислам нашиот став и ставот на Владата во меѓународните асоцијации од финансиски тип треба да бидат насочени и кон аргументирање на нашите потреби, кон потребите на нашите граѓани кои можеби не се подготвени на таков начин и во таков од да ги спроведуваат реформите без да има никакви последици. За сигурноста на регионот и за сигурноста на Република

Македонија пожелно е реформите да си имаат таков тек да бидат профитабилни и прифатливи за широките, не баш добро стоечки нивоа на граѓани во Република Македонија. Реалниот живот спротивно на тоа што се искажа и од премиерот и од министерот, за жал, покажува нешто друго тоа со предложениот Буџет не се планира освен 2,3% зголемување на платите, а платите во Република Македонија, за жал, се на тоа ниво што навистина секое нивно натамошно држење на ова ниво без соодветни социјални програми, мислам дека ќе произведат неповолна состојба социјална, па и политичка. Од тој аспект мора да се размислува и за тие што штрајкуваат по судовите затоа што малку е да се каже дека нема ништо, на еден вработен кој има 5600 денари плата, а работи осум часа одговорна работа, малку е да се каже и на администрацијата дека само фондот вели дека нема можност да се зголемуваат платите кога истите се под минималната можност за нивен живот. Малку е да се каже и за образованието, здравството дека е цел на макроекономската политика, тие се агрегати на таа политика и не можеме ништо да направиме. Јас мислам дека еден човечки однос кон структурите на власта кон тие вработени нам ни е борч. Тоа мора малку поинаку да се гледа отколку секогаш под сомнение дека секогаш се работи за нешто лошо затоа што кога е во прашаше социјалата и таквото ниво на плати вредно е да се размисли малку повеќе човечки.

Друга работа што сакам да ја истакнам, а што не произлезе од тоа што беше изнесено е дали Владата размислува да финансира структурирање во Владата што е производ на законите донесени тука. Јас, при носењето на ребалансот барав амандман да се види во Буџетот јасно дека Владата сериозно размислува тие две дирекции за унапредување на културата на националностите и за унапредување на образованието на националностите во Министерството за култура, односно образование да се профилира адекватно и соодветно да се рефлектира во Буџетот и да се алиментира со одредени средства. Би сакал претставниците, бидејќи министерот не е тука, да одговорат на ова прашање дали во Буџетот за 2001 година се предвидени, а јас немам амандман за таа работа затоа што сакам прво одговор дали се предвидени средства за оваа структура за која Владата е законски обврзана да ги прави со Законот за администрација што го донесовме тука. Тоа е во вид на прашање, а потоа ќе заземам став дали треба амандмански да се постави.

Од мој аспект на гледање се сака да се покаже мислам дека се направи обид тука за една од најпозитивните страни на овој Буџет, развојната компонента. Тоа се образложи со инвестиции на капитални трошоци. Според моите скромни сознанија би сакал да искажам мое видување дека важна компонента во таканаречената развојна компонента е цената на капиталот. Дали Владата предвидува таа цена на капиталот и процентите за активирање на кредитите ќе биде на такво ниво што ќе биде стимулативно за малите, средните претпријатија и за индивидуалните потрошувачи, а посебно за земјоделието да делува и по сила на овој закон развојно. Сведоци сме веќе година - две и покрај можните прилики да се даде можност за кредит ретко кое претпријатие и индивидуалци се одлучуваат да земат такви кредити затоа што цените и процентот на тој капитал за наши услови е доста висок, па мислам дали има инструменти но тие ги даваат банките, сега прашувам дали Владата има одредени инструменти со кои овие кредити ќе бидат поевтини за потрошувачите во оваа година. Мислам дека е правиот начин за развојната компонента на Буџетот, а целосно на Република Македонија да даде резултат. Тоа малку може да се види од Буџетот според средствата кои се поделени на развојните агенции за развој на патишта и на други структури кои се определени со закон таа компонента да ја спроведуваат.

Од аспект на вработувањето кое се вели дека ќе биде 0,3%, а зголемување на плати само 2,3% уште еднаш морам да истакнам дека тој момент Владата мора да го разработи и мора уште еднаш да го проанализира затоа што освен поскапувањата што се случија во текот на последните месеци од минатата година на горивото, телефонските услуги, ќе имаме поскапување и на струјата после приватизација, ќе има поскапување и на водата и ред други работи така што реалното планирано зголемување на плати од 2,3% со овие претпоставки кои се многу реални, мислам дека не ќе може да се реализира дури ќе биде во минус, така што во никој случај не може да се планира оти е неочекувано планирање од 2 до 3% зголемување да биде реално.

Посебен сегмент кој сакам да го истакнам и последен, но не помалку важен е здравството. Од тоа што го прочитавме на Комисијата за здравство што е дел од

компонентата што би требало да биде реформски настроена и новиот момент што се јавува Фондот за здравствено осигурување за кој донесовме Закон и кој го осамостоивме. Тоа што е внесено во здравството не е ништо ново во однос на претходната година. Тоа ми дава право да кажам дека реформите во здравството кои со голем замав и ентузијазам ги промовиравме и се зафативме со консензус и на Комисијата, од тоа што се дава на знаење во Буџетот тешко е да се надеваме дека реформите во здравството би можеле да успеат. Тука има неколку елементи од тој аспект, еве се планира ставка каде болничкото лекување се на исто ниво, а со реформата се планираше главниот момент на здравството да се префрли на примарното здравство, така требаше преместување на средствата. За мене се гледа дека е само пресликана состојбата од минатата година од Буџетот и тоа што е дадено сега, тука не можам да видам од тоа што е искажано дека навистина Владата како целина, не велам како поединци, сега е на удар администрацијата и финансиите, но мислам дека Владата како целина мора да посвети повеќе внимание спрема здравството затоа што е тоа една огромна дејност со 24-25 илјади вработени и со огромно одлевање на средства каде без целосен пристап од целата Влада и Министерството мислам дека тешко Министерството реформски ќе се ориентира да ги направи потребните реформи.

Друг аспект што е загрижувачки и по однос на граѓаните што директно ги загрозува е проблемот кој го дискутиравме за делот кој произлегува од Буџетот. Тоа се владините програми за превентива од некои заболувања. На седницата на која бев, на последната не бев, не се успеа да се убеди Комисијата дека одредени средства кои треба да се прелеваат од Буџетот во Министерството за здравство или во меѓусебен договор со Фондот би можеле да ги покриваат сите активности од страна на превентивните проекти. Просто речено за народот би значело дека ќе нема доволна можност за покривање и заштита на жената, децата, разни заразни заболувања, дијализа, дијабетичари, бидејќи помошникот на министерот за финансии рече дека имало материјал кој не успеав да го видам дали во меѓувреме во вид на прашање се успеало меѓу Министерството за финансии и Министерството за здравство да се најде начин за покривање на овие трошоци и како тоа ќе биде. Со одвојувањето на Фондот со закон од страна на ова Собрание веќе презедовме одговорност за тековите на новиот начин на здравство. Ако сега замижиме, сеедно што е напишано тука, и спроведуваме во услови кога Фондот е одвоена единица, а не ја расчистиме работата со тоа како ќе се покриваат овие трошоци, мислам дека граѓаните ќе ги доведеме во лоша состојба и од здравствен и од други аспекти.

Посебен проблем околу реформите во здравството мислам дека реформите со последните збиднувања во здравството каде дојде до израз неподготвениот амбиент за такви реформи од една страна, а од друга страна ургентни барања од страна на фондот дојдовме во ситуација пациентите да немаат можност поради објективни и субјективни можности да го спроведат тоа што Фондот го даде како упатство за лекарствата. Затоа мислам дека тоа не е необична реакција, тоа е реакција на реалните состојби во општеството на многу лоша социјална структура, на многу лоша економска состојба која е пресликана со ниски примања, огромни социјални случаеви, па јас преферирам и сум за реформи во здравството, но не на начин на кој целиот товар би паѓал на граѓаните на Република Македонија.

Предлагам на Министерството и Владата оваа компонента и оваа состојба да ја бајпасираат на следниов начин затоа што во Законот каде се предвидува партиципација се вели дека се ослободуваат од партиципација одпосле откако ќе дадат 60% од минималните плати, мислам на жителите на Република Македонија. Затоа предлагам со една социјална програма ова ниво од 65% што треба да се дадат треба да ги даде Министерството за труд и социјална политика на тие фамилии кои немаат можност да платат, не на сите, туку на загрозени фамилии, што немаат можност што се невработени и по секоја основа, немаат можност да ги платат овие 65% и мислам со одредена социјална програма од страна на Министерството за труд до тоа ниво да плати Министерството за труд затоа што тоа се прави во сите земји каде не се сака да се загрозуваат реформите и каде не се сака да се направат одредени социјални конфликтни состојби, па со надеж дека дел од моето излагање го насочив со прашања кон министерот и Владата, ќе ми се одговори, јас ви се заблагодарувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани колеги, сега работиме на Буџетот, водиме расправа во начело, тоа е најважниот акт во годината што го донесува Собранието по својата сериозност

и по својата одговорност Собранието треба во вакви моменти да ја покаже сериозноста и пак ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат овде затоа што работиме многу сериозна работа и од ова што ние ќе го сработиме деновиве зависи имотната состојба на многу граѓани во Македонија, судбината на многу фирми, перспективите на многу луѓе дали подобро ќе живеат или не. Сакаме овој пат навистина да создадеме услови подобро да се живее во оваа година, да се направат крупни чекори, па дајте на тоа да посветиме сериозно внимание, влезете во салата да ја тераме работата. Нема многу убедителност во нашата работа ако мораме секогаш да се повикуваме како да одиме на некој кулук, а не да ја вршиме најважната работа во државата. Затоа ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да работиме под нормални услови. Повикајте ги пратениците да влезат во салата и да се задржат во салата, а не кога ќе дадам збор некому после пет минути да одат пак надвор. Така не се работи. Треба да имаме почит едни кон други да се ислушаме, да знаеме ако треба и да реплицираме, да одговориме, да се вклучиме во расправа, ова е многу важна работа.

Ако нема расположение да прекинеме за извесно време затоа велам (реакција од страна на пратениците дека не сакаат да прекинат) нека влезат во салата, не знам што поважно има сега за пратениците. Нема поважни работи сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имаме услови за работа и можеме да продолжиме.

Процедурално се јавува г. Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Бидејќи две работи поставив во вид на прашање, а министерот претходно одговори на еден од пратениците, па ако е тоа пракса нека одговори на овие две мои прашања, па да знаеме дали да дадеме амандман или не, бидејќи се работи, по мене, за две клучни работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очекувам министерот внимателно да слуша секој од учесниците што зборува и негово е право дали поединечно или после наеднаш ќе одговори на повеќе прашања поставени од пратениците. Тоа е негово право.

Со оглед што министерот, не гледам дека се пријавил за дискусија, веројатно ги собира тие прашања па ќе одговори наеднаш. Прашањето што го поставивте околу средствата од Телекомот, тоа е крупно прашање.

Има збор г. Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Можеби министерот не беше тука кога ги спомнав, можеби ќе се информира од колегите тука, па би сакал да ги повторам за да ме слушне министерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие веќе завршивте со дискусија. Реков министерот ги собира прашањата и ќе одговори.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, сметам дека е многу важна темата за која дискутираме и треба малку поактивно наше учество и посериозен однос од наша страна, бидејќи носиме еден акт кој е многу битен за државата.

Јас на почетокот би сакал да искажам пофални зборови за Владата, особено за Министерството за финансии што го води министерот Груевски, за овој акт што ни го достави и што имавме можност да го разгледаме. Морам да кажам, иако не сум некој стручњак по економија, мене лично ме импонира начинот на кој е сработен и начинот на кој ни е доставен во оној новитет, оваа година што прв пат го имаме, бидејќи оваа година прв пат го разгледуваме Буџетот во фази, да не речам во централен државен Буџет и Буџет на фондовите и локалната самоуправа. Нормално сите тие се составни делови на Буџетот. Меѓутоа, кога го разгледуваме е многу поуочливо и позабележителни се сите оние позиции и фази, а мислам дека и ваквиот начин на презентација на Буџетот е во рамките на европскиот дух кон кој се и ориентираме. Тоа е една работа која навистина е за пофалба.

Втора работа е, она што како новина се јавува оваа година, прв пат една максимална транспарентност и донесувањето на Предлогот на Буџетот, која транспарентност оди до таму што во сите дневни печатени медиуми имаме објавено односно Министерството објави текст со кој

на еден пристаплив начин го запознава граѓанинот со сите мерки кој ги предвидува Буџетот. Дури таа транспарентност оди до таму, да се воведе една кампања, што, во прво време јас не знаев ни што значат тие телопи и тие реклами, каде се трошат моите пари. Мене навистина таа кампања ме воодушеви затоа што онаа дилема која толку време ја поставував, што тоа значи, на крајот кога сето тоа се пласира, имав поголема концентрација и поголема желба тоа да го осознаам и навистина да разберам токму каде се трошат нашите пари. Тоа дури е претставено и во разни спотови, па дури ги активиравме и познатите актери на К-15, на некој начин да бидат попристапачни кон граѓаните.

Морам да кажам дека Буџетот како еден сериозен акт не можеме да го гледаме надвор од макроекономската политика, надвор од она што Владата го прави во рамките на нејзините надлежности.

Да не заборавиме, ако ги слушаме тие работи од самата дискусија на позицијата, сега нормално опозиција како опозиција ќе критикува. Меѓутоа, ако ги слушаме сите оние забелешки што тука ги изнесуваат, ќе се создаде еден впечаток дека буквално за се што се случува или се случувало во Македонија, по се изгледа најголем виновник е Никола Груевски. Меѓутоа, не е така. Има некои работи кои оваа Влада ги наследи и има некои работи кои оваа Влада ги направи, а што се многу различни од претходните. Затоа кога се носи Буџетот секогаш се тргнува од таа позиција, што е тоа што се наследи, што е тоа што се сработи, и во рамките на макроекономската политика можеме да видиме што предвидува овој Буџет.

Само накратко сакам да потенцирам дека оваа Влада, сепак, е во едни длабоки реформи и во фаза на едни такви реформи, при показатели, како што се: зголемување на девизните резерви и тоа во износ од скоро 100% зголемени од 1998 година до денеска. Значи, од 334 милиони долари денес се зголемени на 710 милиони долари. Тоа е еден показател кој оди во контекст на разгледувањето на Буџетот.

Друг податок би бил надворешните задолжувања што оваа Влада ги наследи, сигурно не ги создаде сама. Меѓутоа, она што е евидентно, во овие две години, оваа Влада со својот начин на работа, успева да врати, и тоа во 1999 година 150 милиони долари, а во 2000 година 200 милиони долари надворешен долг, кој некој го направил пред неа.

Исто така, оваа Влада во 2000 година, за прв пат откако постои суверенитетот или Република Македонија, во минатата година создаде суфицит на Буџет за кој ние овде донесовме ребаланс кој суфицит е причина за проекција на овој Буџет и причина во рамките на сите оние измени на закони кои сега следат за намалување на даноците и царините, една политика која оди кон подобрување на самиот живот на граѓаните. Само како показател, премиерот тоа го кажа како поклон. Значи, Владата на Република Македонија оваа година му дава поклон на нашето стопанство во износ од 180 милиони марки. Тоа фактички е онаа заштеда што стопанството би ја платило помалку по однос на персоналниот данок, по основ на другите даноци и по основ на царините кои ги намалуваме.

Многу битно е во рамките на проектираниот Буџет да се каже дека прв пат оваа година приходите за плати односно стапката за плати во Буџетот е намалена за 10%. Значи, во претходните години Буџетот служеше буквално само за финансирање по однос на плати, додека оваа година се пружа можност да се инвестира во други намени, парите што одеа за плати.

И во рамките на оваа макроекономска политика сепак да се задржи националниот доход на планираните 6% и планираниот пораст на инфлација од 2,2%, што сепак е показател кој е за респект.

Инаку, околу тоа кои се тие новини кои го карактеризираат овој Буџет, јас би кажал само две.

Проектираниот приход во Буџетот кој изнесува 60981 милион денари, оваа година е повисок за 19,6% од усвоениот Буџет за 2000 година. Но, во што е битната компонента: приходите се повисоки, а ние сепак имаме намалување на даноците, особено персоналниот данок, како и другите даноци почнувајќи од ДДВ, царините итн. Значи, приходите се намалуваат, а вкупниот приход на Буџетот се зголемува за цели 19,6%. Ова јасно укажува дека реформите во финансиската сфера, преку донесувањето на Законот за ДДВ, како и ажурирањето во неговата наплата односно извршувањето на истиот, јасно покажуваат дека дале позитивни резултати.

Она што секако е за одбележување е тоа што за прв пат оваа година капиталните расходи за инвестиции кои најдиректно го помагаат економскиот раст и вработеноста, со оглед што тука спаѓа

финансирањето за изградба на патишта, болници, енергетски објекти, системи за наводнување и слично, оваа година бележат пораст од 35%. Тоа е повисок извоз од претходната година, или ако се спореди со 1998 година доаѓа некаде 2 до 3 пати поголем износ на капитал. Тоа е суштината и најголемата новина во овој Буџет.

Кога веќе сме кај капиталните расходи за инвестиции проектирани со овој Буџет, би сакал од свое име, од името на моите колеги пратеници кои гравитираат од местото од каде јас доаѓам, како и од граѓаните на општина Прилеп, па и пошироко да изразам една благодарност до Владата која во рамките на своите реформски активности најде храброст и финансиски средства да реши еден од најгорливите проблеми кој сите нас, особено прилепчани не мачеше цели 40 години. Тоа е реализација на проектот трета лента на патниот правец Градско - Прилеп, поточно Плетвар, со кој проект се предвидува за 2001 година да се изгради трета лента, значи додатна лента на делницата Плетвар и замена на коловозот, поточно негово реконструирање во должина од 4,1 км, од вкупно предвидената должина на третата лента во должина од 8,3 км. За оваа цел Владата обезбеди со овој Буџет 30 милиони денари од вкупно предвидената вредност од 100 милиони денари. Сметам дека ова е особено важно и за секоја пофалба затоа што ако се земе предвид дека овој патен правец е направен во 1965 година и од тогаш до денес воопшто не е чепнат, а само податокот дека на него цехот го платиле многу граѓани со своите животи, мислам дека ова е едно решение кон подобрување на безбедноста на граѓаните и во секој случај е за поздравување.

Би сакал јавно овде од говорницата да упатам еден апел, до министерот и до Владата комплетно, Владата да смогне сили, нормално доколку постои можност, од пари добиени со продажбата на Телекомот, еден дел сепак да се пренамени за изградба на овој патен правец, како истиот финансиски би се заокружил и тоа оваа година. Мислам дека тие средства не се многу. Еве тоа како апел го упатувам до Владата, Владата да размисли. Ние, една поголема група пратеници кои гравитираме таму и официјално доставивме барање. Од тој аспект, министре земетего предвид Прилеп и граѓаните на Прилеп, па и пошироко, тука е и Битола и Ресен, ќе знаат тоа да го ценат.

Повторно би се вратил на проектот на Буџетот.

Ако се анализира Буџетот јасно е дека го карактеризираат неколку карактеристики и тоа прво, реформската димензија која е изразена во предвидените трошоци за спроведување на реформите во стопанството и јавната администрација. Втората е развојната димензија која е изразена, особено со намалувањето на даноците со што директно се помага на работењето на претпријатијата.

Најеклатантен показател е намалувањето на персоналниот данок од доход кој од 23; 27 и 35%, сега се намалува на 15 и 18%, со што македонските претпријатија ќе заштедат околу 4 милијарди денари или 130 милиони марки. Значи, само по овој основ стопанството се растоварува за 130 милиони марки. Ако ова не е показател кој покажува дека Владата оди во добар правец да се растовари стопанството, а со тоа да се подобри животот на граѓаните, или инвеститорите да ги употребат тие пари сега во други инвестиции, во зголемување на вработувањето, што е тогаш лошо во ова.

Исто така не помал показател се и намалувањето на останатите даноци, како ДДВ, особено во производите од земјоделската дејност, медицинската дејност и во станбената политика кај купувањето на становите, каде што намалувањето на стапката се движи од 19 на 5%.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (продолжение)

Потоа, пред нас се наоѓа измена на царинската тарифа и ако добро се разгледа ќе се види дека буквално целата е со намалување на царинските стапки. Сите знаеме од кога ја применуваме таа царинска тарифа и за кого фактички служеше. Во овие услови со новата царинска тарифа тоа го кажа и премиерот, најмалку 4.000 производи се намалуваат, значи се растоваруваат од високата царина, со тоа што се доведува стопанството во една многу подобра состојба за да може да заживее така како што треба во рамките на движењето кон една постабилна економија.

Вкупно ако се соберат сите олеснувања по основ на намалување царини, даноци и слично, бројката би се движела до 180 милиони марки. Тоа не е мала работа Владата да се откаже од оваа сума, а Буџетот сепак да го проектира не на минатогодишното ниво во делот на приходите, туку зголемен со 19% во делот на приходите.

Оттука, кога ќе се погледа зголемувањето на приходите, а од друга

страна намалувањето на даноците и растоварувањето на стопанството, најлогична би била компонентата што го краси овој Буџет, компонента за капитални инвестиции што за прв пат оваа година, јас го спомнав само примерот со патниот правец "Плетвар", но тука има и други што во секој случај се поздравени. Во иднина мислам дека развојната компонента на Буџетот се гледа во делот на капиталните расходи, тоа што го кажав, особено во делот на структурните проекти.

Третата димензија на овој Буџет е социјалната димензија, изразена низ висок износ на трошоци за надоместоци за невработените и за социјално загрозените слоеви на населението. Воедно, оваа димензија се согледа и во делот на недефинираните мерки, овде слушнавме од опозицијата доста критики, како мерки што Владата сака тој приход да го прикрие. Сметам дека тоа не е точно. Износот на недефинираните мерки е 4 милијарди денари. Но битното што и министерот го кажа е дека не е точно дека Владата нема што да прави со овие пари, па размислува во две насоки. Тоа го кажа во своето излагање и денеска министерот. Правецот на распределувањето на недефинираните мерки оди на прво место, што е битно да се фокусира, во Програмата за намалување на сиромаштијата.

Она што министерот го истакна, тој кажа дека ниту еден министер, особено тој не може да каже од оваа позиција со колкави средства тоа би се направило затоа што на тоа ќе влијае во овој период како ќе оди реализацијата на Буџетот, по што следи по шест месеци редовен ребаланс. Токму тие пари, како и парите од продажбата на Телеком, ќе влезат во тој ребаланс. Тоа е едната работа.

Втората многу битна работа е таа што, зависно од реализацијата на Проектот на Буџетот укажува на можноста по шест месеци, кога ќе дојде ребалансот, во рамките токму на овие недефинирани мерки да се креираат и нови мерки во даночната политика, а особено тука, доколку се оди по планот, би дошло до намалување на долго очекуваните, доста критикувани акцизи кај нафтените деривати, а може и пошироко.

Мислам дека, иако мислам дека е должност да се напомене бидејќи и премиерот и министерот за финансии имаа доста опширни излагања каде што се потенцираа буквално сите позиции на Буџетот, не би сакал да ги повторувам затоа што ќе одземам време и на други колеги. Но, би сакал само накратко да кажам неколку работи.

Во делот на Буџетот, во смисла на вкупните приходи битно е да се напомене дека вкупните приходи во Буџетот најмногу учествуваат даночните приходи и тоа со 81,5%. Тоа доволно укажува податокот дека реформите во даночната сфера го дале својот резултат особено со воведувањето на ДДВ. Ако се земе предвид дека ДДВ, наплатата на ДДВ учествува скоро со 30%, јасно е дека кога се носеше овој закон, ги исполни сите свои очекувања.

Инаку, во делот на неданочните приходи, тоа се разни продажби на државниот капитал, профитот од НБ и слично кои учествуваат со 6,9%. Тоа што е битно и самата кампања покрената каде се трошат нашите пари, тоа е расходната категорија на Буџетот, доста транспарентна, секој имаше можност да ја прочита, мислам дека нема простор што не е опфатен, нормално колку располагаат, но делот кој изнесува некаде 14%, делот на инвестициите, во развојните програми е секако за поздравување, бидејќи е новина во овој Буџет.

Можам слободно да кажам дека токму ова е иднината на Република Македонија, преку стимулирање на инвестициите, преку намалување на расходните компоненти на Буџетот во делот на платите а се поголемо овозможување на поголема стапка за капитални инвестиции. Тоа ќе ја даде идната слика на РМ.

Да не заборавиме дека Република Македонија со продажбата на Телекомот оствари приход од 700 милиони марки што ќе бидат употребени на еден транспарентен начин и во стопанството и во делот за намалување на сиромаштијата.

Сето ова е показател дека Владата е на правиот пат и дека, ако вака продолжи ќе успее и во делот на планираните реформи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Молам, повикајте ги пратениците или да се договориме да продолжиме утре. Еве, сега двајца недостасуваат. Знам дека се тука, само треба да влезат внатре и да работиме.

Ве молам, повикајте ги да дојдат и да работиме. Нема по никоја цена да работиме ако нема доволно, како до сега

што не сме работеле никогаш и сега нема да работиме. Само да се исполнети сите деловнички услови. Ова што го работиме е важно. Мора да има своја вредност и треба да ги обезбедиме сите услови за тоа.

Недостасуваат уште тројца пратеници.

Молам, повикајте уште пратеници да влезат во салата.

Недостасува еден пратеник.

Добро, продолжуваме.

Ве молам, немојте да излегувате за да можеме да работиме. Повикајте уште, има пратеници во зградава овде кои сакаат да работат во Собранието, нека влезат овде, да работиме.

Господин Трајков Горанчо има збор, а после него Јованов Никола.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, членови на власта, мојата дискусија би ја поврзал со сето она што се случуваше во текот на 2000 година бидејќи и овој Буџет што е денеска пред нас на дневен ред е резултат на работењето на Владата во 2000 година.

Во 2000 година се донесоа повеќе закони, имавме и имплементација на истите закони, и како резултат на сето тоа најнапред се случи ребалансот на Буџетот во 2000 година, а сега го имаме предлогот на Буџетот за 2001 година.

Со овој Буџет колку и да сака некој да го оспорува јасно се гледа целата политика на Владата, и конечно, со овој Буџет, после 2 годишна мачна работа на оваа Влада може да се види суштинската разлика помеѓу актуелната Влада и останатите влади на СДСМ. Најнапред би сакал да кажам за она што се случуваше пред овој Предлог на Буџет. Веќе скоро цела година наназад опозицијата се труди и со сите средства ја наметнува следната теза дека граѓаните се ограбени, дека немилосрдно се земаат пари итн. Значи, сета оваа кампања трае некаде од минатата година, пред воведувањето на ДДВ.

Меѓутоа, токму со овој Буџет сосема јасно може да се види дека тоа не е така. На повеќе наврати од оваа говорница говорев за тој феномен и би сакал сега, во контекст на Буџетот за 2001 да кажам неколку работи.

Значи, парите што граѓаните ги даваат на име даноци не ги даваат ниту од 1998 година, ниту 1990, туку многу од порано и дај боже да ги даваат уште многу години. Само така може да постои државата.

Она што е важно за овој Буџет и за ребалансот на Буџетот за 2000 година е следната работа, доколку претходниот систем за оданочување овозможуваше голем дел од парите што граѓаните ги даваа на име даноци, завршуваа на приватни сметки, сега со овие законски решенија се случи нешто сосема друго. Парите што граѓаните ги даваа на име даноци завршуваат на сметката на Буџетот. Таму завршува едната работа.

Која е другата работа?

Истите пари што граѓаните ги даваат како даноци и завршуваат во Буџетот, а не на приватни сметки, во повеќе наврати го објаснував брзото богатење во изминатиот период токму поради неплаќање на даноците, сега истите пари преку Буџетот се враќаат назад. Во Буџетот е јасно кажано кој пари за што ќе одат. Значи дека се создаваат услови за сосема друга политика што може да се види и низ овој Буџет.

Една од најважните работи е намалување на даноците. Значи имаме драстично намалување на персоналниот данок и компаративно со земјите од ЕУ можеме да заклучиме дека имаме едни од најниските стапки, сега во моментов. Од релативно највисоки преоѓаме во најниските стапки на даноците.

Следната работа е намалување на царините за огромен број на производи. Значи, сите овие намалувања се резултат на претходно донесените закони, претходно спроведените закони и полнењето на Буџетот. Нема ниту еден друг начин да дојде до намалување на Буџетот. Само за една година имплементација на Законот за ДДВ, прв закон во оваа област, сега имаме на дневен ред закон за готовински плаќања, за што ќе говорам кога ќе дојде на дневен ред. Се создадоа услови да дојде до намалување на давачките.

Би сакал тука да направам една споредба за што претходно говорев, меѓутоа денеска за жал ги нема колегите од СДСМ, тогаш со нив полемизиравме. Од таа споредба може јасно опипливо да се види голема разлика помеѓу политиките на овие две влади, Владата на СДСМ и актуелната Влада.

Би ја направил следната споредба во однос на приодот за отворање нови работни места и за намалување на невработеноста. Од една страна ќе го ставиме таканаречениот "Бранков закон", а од друга страна ќе го ставиме Буџетот преку кој се гледа целиот пакет на економски

закони, дел се донесени а дел се сега на дневен ред.

Во една моја претходна дискусија веќе говорев за економската логика на тој Бранков закон и го спомнав примерот со две продавнички, едната по стариот закон, едната по Бранковиот закон и за антиекономската логика што беше на тој закон. Гледано од денешен аспект точно се потврдува тезата дека единствена економска логика на тој закон беше 50.000 вработувања помножено со четири гласови еднакво на 200.000 гласови за изборите во 1998 година. Друга економска логика освем оваа немаше. Тоа беше единствен закон со кој се поттикнуваше отворање на нови работни места и развој на економијата во државата.

Од друга страна имаме цел пакет на закони. Конкретен пример, Законот за намалување на персонален данок. Прво, ќе важи за сите фирми. Нема повластена, нема неповластена фирма. Важи и за фирми блиски до СДСМ, блиску до било која друга политичка партија. Ако земеме конкретно некаде околу 1000 денари е за десет илјади плати, така кажаа од Министерството за финансии, на 100 вработени, само по основ на персонален данок имаме заштеда од 100.000 денари. Значи, фирма со 100 вработени ќе има заштеда од 100.000 денари. Овие 100.000 денари дали ќе бидат искористени за зголемување на платата, дали за инвестиции, дали ќе се земат нови машини или ќе се гради нешто друго не е важно. Ќе биде во функција на зголемување на бројот на вработените. Значи јасна и конкретна е таа мерка.

Ако гледаме од аспект на намалување на царините, ако земеме како пример производството на било кој производ, потребни се пет други артикли. Доколку од тие пет артикли за еден производ три се од увоз, ако на сите тие три ја намалиме царината ќе имаме поевтин производ. Значи, пак ќе имаме остаток на пари што сега се заробени, а ќе можат пак да бидат вратени назад или за зголемување на платите или за нови инвестиции. Конкретно, значи пак за зголемување на бројот на вработените.

Јасно може да се види визијата на Владата која е и на кој начин планира да ја извлече земјата од криза и на кој начин ќе овозможи нови вработувања.

Тоа што сакам пак да го напомнам е намалување на дел од стапките што беа првобитно вкалкулирани во Законот за ДДВ, пред се за земјоделските производи, дел од медицинските производи што значи и таму ќе имаме големо олеснување за земјоделското производство, за што ќе мора да вложиме уште малку повеќе труд за да дојде на ова ниво што се сака. Со намалување на царинските стапки ќе имаме доста големи олеснувања токму во делот на земјоделието.

Од овие причини, да не ги набројувам сите оние што останаа надвор од Буџетот, а тоа се законите донесени во делот на банкарството, во делот на извршната постапка, што веќе доведува до намалување на каматните стапки, што ќе значат нови можности за претпријатијата и нов развој. Ќе видиме дека оваа Влада апсолутно има јасна визија, што за жал опозицијата се труди, мислам дека веќе е свесна што всушност прави оваа Влада и од тие причини се измислуваат разно - разни афери, се врши блокада на Собранието и за жал се уште не можеме да ги донесеме и официјализираме законите што ни се на дневен ред. Тоа се законите за кои што претходно говорев, за намалување на персоналниот данок, за царинските тарифи и т.н.

Од тие причини сметам дека Буџетот за 2001 година е најдобар Буџет што го имала Република Македонија во својата историја, меѓутоа се надевам, после заокружување на реформите во јавната администрација, што сега започнуваат, сметам дека во 2001 ќе бидат завршени и во Буџетот за 2002 година ќе имаме поместување веќе и во тој дел, а тоа е подрастично зголемување на платите во јавната администрација и конечно, заедно со инфраструктурата што во 2000 година беше доста форсирана, во 2001 ќе биде исто така форсирана, ќе дојдеме до минимум нивото на развој после кое што Република Македонија, веќе сосема сигурно, ќе зачекори напред кон Европа. Благодарам.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, веднаш на почетокот една процедурална забелешка да упатам. Постојано имате сериозен проблем и вие како претседател, а и сите ние овде пратеници присутни во салата со немањето на кворум. Кога во салата присуствуваат и десетина можеби и повеќе пратеници од опозициони две партии, навистина парламентарното мнозинство има еден сериозен проблем, иако својата позиција на мнозинство пред некој месец ја славаше. Според тоа, произлегува дека ние кои сме присутни сме на некој начин казнети, па по секоја дискусија на некој од дискутантите повторно се пребројуваме и чекаме да

влезе 1 или 2 пратеници што го сметам навистина за недолично, особено кога се работи за ваков важен документ како што е Буџетот.

Пред нас го имаме Предлогот на Буџетот за 2001 година. Веднаш паѓаат во очи бројките и споредбата Буџет 1999, ребалансот во 2000 година и Предлогот на Буџетот во 2001 година. Веднаш паѓа во очи тоа што новиот Буџет т.е. предлогот на Буџетот за 2001 година. Веднаш паѓа во очи тоа што новиот Буџет т.е. Предлогот на Буџетот за 2001 година е со нешто помал износ од ребалансот за 2000 година, иако кога го правевме ребалансот за 2000 година ја имавме состојбата со суфицит кој одеше до 400 милиони марки. Тогаш се даде образложение зошто е таков суфицит во Буџетот, иако тоа се сметаше за една негативна појава особено во ваквата состојба на стопанството и сиромаштијата речено е на секој граѓанин на Република Македонија. И тогаш јас тоа го сфатив дека еве, се случи заради воведувањето на ДДВ-то и заради некои други причини дека еднократно се случи да имаме буџетски суфицит.

Меѓутоа, очигледно сега тој тренд продолжува, бидејќи ако ребалансот бил на 64 милијарди денари, Буџетот за 2001 е 60-тина милијарди, значи нешто под тоа, што значи не се враќаме на она првобитно ниво на кое бил Буџетот, туку се враќаме на нивото кое било со ребалансот. Сега, кога ќе се анализираат бројките на приходната страна графата за данок на додадена вредност со ребалансот и со Предлогот на Буџетот за 2001 година повторно имаме зголемуваше на износот за Буџетот за 2001 година. Ако веќе се намалуваат стапките на одредени производи и спаѓаат во повластена даночна стапка што е сосема оправдано, зошто тогаш овој износ е многу поголем од оној со ребалансот и дали тоа значи дека и покрај воведувањето на ДДВ сме имале даночна евазија. Исто така, стапката на акцизи е лесно зголемена во однос на ребалансот за 2000 година, иако така имаме најава дека ќе биде укината акцизата, барем една од акцизите на кафето, барем според моите сознанија е сепак лесно зголемена. Воглавном овие денови бидејќи многу се дискутира за Буџетот и на комисиите и т.н., стојат две бројки кои кај мене создаваат една забуна. Во глобала велам изворните приходи се намалени за 5,9% и како бројка тоа е во ред. Меѓутоа, никако не можам да си објаснам зошто се зголемени расходите за 5,6%. По логиката на нештата едно семејство ако сака да штеди, ако му се намалат приходите во семејството ќе си ги намали и расходите, бидејќи тоа е домаќинско однесување.

На расходната страна на Буџетот има некои бројки кои навистина зачудуваат. Ако сакаме да зборуваме за штедлив Буџет, рестриктивен глобално гледано ќе забележите дека патните и дневните трошоци е сума која расте во Предлог Буџетот за 2001 година, зголемена е дури и во однос на ребалансот на Буџетот за 2000 година, што кај мене навистина создава забуна. Исто така, кај мене создава забуна и стапката 462 купување на градежни објекти каде што сумата навистина драстично се зголемува од 80-тина милиони со ребалансот за 2000 година, на 738 милиони денари. И морам да ви кажам дека кај мене е изненадување ако веќе државата така оди во процес на приватизација и да се ослободи од имотот, бидејќи државата во принцип е лош стопан на имотот, тогаш зошто државата инвестира и купува градежни објекти? Да не зборуваме за мебел и канцелариска опрема 153 милиони, па 269 милиони во 2000 година, за да заврши со Предлог на Буџет за 2001 година, со 347 милиони, купувањето на моторни возила исто така и т.н. Исто така, една збунувачка стапка 466 постројки, опрема и машинерија, од 82 милиони денари, со ребалансот на 264 милиони денари, за оваа година да имаме предлог од 967 милиони денари. Навистина незнам, за каква опрема се работи, меѓутоа, очигледно е дека тоа е по прилично голема ставка.

Во доменот на расходната страна само би споменал, во Министерството за внатрешни работи имаме исто така една поприлично висока ставка, мислам дека гласаше за опремување, сумата е некаде 282 милиони денари што навистина претставува висока сума, особено ако се знае дека МВР се опреми со возилата и другата техника која му е неопходна за свое функционирање со оној кредит од 10-тина, или 12 милиони долари. Исто така, има зголемување постојано насекаде кога ќе се гледа Буџетот по овие ставки на патни трошоци, на зголемувањето на некакви патни и дневни трошоци, инвестирање во градежни објекти, мебел, канцелариска опрема, сето она кое на некој начин е нерационално трошење на средства. Од друга страна беше споменато од г-динот министер кои се акцентите на Буџетот и меѓу другото се спомена дека има и развој на некаква димензија. Јас не ја гледам развојната димензија, иако беше споменато

дека она што се направи за земјоделието е за поздравување, бидејќи дел од тие хемиски средства, семиња и т.н., кои ги употребуваат земјоделците ќе добијат повластена даночна стапка. Меѓутоа, за жал механизацијата која е неопходна во едно современо земјоделие останува со истата даночна стапка од 19%, иако колку што мене ми е познато во Македонија воопшто не се произведува земјоделска механизација, почнувајќи од нај обичен мотокултиватор, а да не зборуваме за тракторите и комбајните. Значи и во овој дел требало да се направи потез да се намали данокот на додадена вредност на механизацијата за земјоделие, ако веќе сакаме некаков развој во земјоделието.

Од друга страна беше споменато дека еден добар дел од средствата ќе одат за отпремнини, плати и т.н., што апсолутно неможам да го прифатам како развојна компонента, заради тоа што државата се наоѓа во една ситуација да испушта вработени и да им плаќа отпремнини, или социјална помош, а од тие луѓе немате продуктивност. Според тоа, државата треба да инвестира во отворање на нови работни места, а не да троши пари, скапи пари од Буџетот за ваквите давачки, иако тие луѓе не се виновни и треба да ги добијат отпремнините, меѓутоа не се постигнува развој на таков начин. Има еден интересен пример на Израел кога при распадот на Советскиот Сојуз добар дел на Евреи од Советскиот Сојуз се вратиле во матичната држава и според нивните закони државата им плаќала некаков паричен надоместок како социјална помош, бидејќи биле невработени. Тогаш и драстично се зголемил процентот на невработени во Израел. Размислувајќи Владата во некој период дека сето тоа ја чини многу, а нема продуктивност од таквите жители, нашла еден интересен модус да луѓето ќе ја добијат социјалната помош од државата ако си најдат работа. Што значи ги мотивира лично нив да си најдат работа кај приватни претприемачи, тогаш државата оној надоместок го плаќа на претприемачот, мора да биде евидентиран, нема работа на сиво, претприемачот има помош од државата на таков начин и мора да доплати средства за да му ја исплати платата на работникот. Значи има некакви механизми, смислени се некакви механизми кои треба да го зголемат вработувањето во државата бидејќи стапката е сериозно висока, независно дали станува збор по едни извори за 34, 32, или 37%. Тоа е многу голема стапка.

Во доменот на здравството должен сум тоа да го кажам и како претседател на Комисијата за здравство каде заседававме во три наврати навистина се отворија сериозни дилеми и верувајте никој од нас како здравствени работници немаше храброст да прифати недефинирано решение, особено кога се работи за пациентите. Мене ми е жал што министерот беше спречен да присуствува, министерот за финансии, беше спречен да присуствува на една од седниците заради тоа што имаше состаноци со претставниците на Светска банка, можеби се ќе беше полесно. Меѓутоа, морам да кажам дека во овој домен имаме сериозни проблеми. Години station наназад Буџетот на државата учествува во она што се вика стратешки интерес на државата во доменот на здравството. Тоа се разните состојби и болести за кои државата мора да се интересира, да ги сузбива и да ги контролира, бидејќи здравјето на нацијата е првенствено стратешки интерес на државата. За жал соодносот на средства исплатени од Буџетот по овие програми како тоа обично се нарекува навистина досега бил мал, помеѓу 4,5 и 12,5% што средно се сведува на ниво помеѓу 8 и 10% учество. Сето останато се надоместува од Фондот за здравствено осигурување и тука е еден сериозен проблем. Осигурениците плаќаат осигурување за себе, или за своето семејство. Не можете од парите на осигурениците да покривате програми за кои е должна да ги покрие државата. И нашата идеа беше како Комисија за здравство и кога го работевме законот за здравствено осигурување кој беше на Комисија прифатен со акламација овде во Собранието со еден општ консензус без ниеден глас против, нашата идеа беше оваа стапка постепено да се зголемува. Значи она што е должност на државата да си ги исполнува во поголема мера не со 100%, бидејќи мора и Фондот да учествува заради работната рака на крајот на краиштата, бидејќи лекарите, медицинскиот персонал сето тоа го работи, меѓутоа, тој процент од 10, просечни 10% велам сега постојано да расте во наредниот период. И што се случи? Овој пат државата не си ја презеде на некој начин таквата обврска. Можеби и претставниците на Министерството за финансии и не беа овластени, бидејќи министерот не беше присутен да кажат дека Министерството за финансии, т.е. Буџетот ќе си ги презема таквите обврски.

Директорот на Фондот за здравствено осигурување изјави дека ако државата не ги исполни овие обврски, тогаш

тие ќе паднат на товар на фондот, а тогаш се поставува прашањето на целокупното функционирање на Фондот. Што значи ќе бидат доведени во опасност сите функции на Фондот т.е. исплаќањето за сите останати пациенти. Сето тоа кај нас создаде навистина една голема дилема како ова понатаму може да се разреши. И во Предлог Буџетот на Фондот кој годинава за прв пат доаѓа пред Собранието и тоа една добра пракса веќе, тоа е веќе закон. Ќе видите дека графата која е предвидена за ваквите програми е празна, заради тоа што тука нема трансфери од Буџетот на Република Македонија за да се исполнат програмите, 9 ми се чини на број кои се однесуваат навистина на тешки здравствени состојби или на превенција, на превентивни програми, програма за систематски прегледи на деца, ученици и студенти и т.н., дијабетичарите, болните на дијализа, хемофиличарите и т.н. Знаете, во медицината не се рангираат болестите, меѓутоа имате една сериозна опасност овде тоа да се случи сега, дали заради помош на дијабетичарите да ги оставиме без средства т.е. без лекување хемофиличарите, или ако помогнеме на болните за дијализа што ќе стане со оние кои добиле акутен инфаркт на миокардот, или како ќе му објасните на хируршки болен дека за него нема конци, нема нараквици, нема анестетици заради тоа што средствата се потрошени за дијабетичари. Мислам дека таквиот пристап е сосема погрешен. Болниот е болен, независно од која дијагноза и секој се грижи за своето здравје. Кога ќе се гледа Предлог Буџетот на Фондот за здравствено осигурување веднаш паѓа во очи, дека масата на средства предвидена за плати е зголемена од 95 милиони денари на 125 милиони денари. Во ваква ситуација кога здравствените работници не мрднале со своите плати десетина години наназад ова навистина предизвикува револт. На наше инсистирање и објаснување Фондот ни достави една писмена информација дека се работи фактички за нови вработувања и покачувањето на сумата на пари по однос на плати и дневници и патни трошоци се должи на тоа што се подобрила образовната структура на вработените во Фондот. Тоа и во крајна линија би можеле да го прифатиме ако е тоа во намена на спроведувањето на реформите во здравството. Меѓутоа, исто така, се зголемени платите и примањата на функционерите во Фондот кои се именувани од ова Собрание што значи дека образовната структура не е главниот аргумент за зголемувањето на платите, бидејќи кај функционерите образовната структура воопшто не игра улога. Зголемени се надоместоците за патни и дневни трошоци, зголемени се надоместоците за основните плати, а од друга страна Фондот вели дека не ќе може да си ги исполни своите обврски посебно велам ако Буџетот не ја исполни својата улога во однос на она што се превентивни здравствени програми. Особено тука би споменал дека жалосно е ако се случи такво нешто од проста причина што еве, само за илустрација би спомнал, Здружението на хемофиличарите на Република Македонија самото се избори како здружение да стане член на Светското здружение на хемофиличари и успеаја да добијат и помош во смисла на третман на оваа болест по современите принципи, а не како што е тоа случај во Република Македонија со многу полош метод на третирање, да не ја заморам и јавноста и вас со детали. Тие сами се изборија и обезбедија средства и помош во таа смисла. И сега ќе биде трагедија навистина ако Буџетот на Република Македонија не ги одвои овие средства кои се предвидени за таквата намена, а тие сами се избориле да го унапредат своето лекување.

Исто така, би споменал дека кај крводарителите стои истата сума која е предвидена и порано, што значи дека исто така не се предвидени додатни средства за крводарителите, бидејќи во законот за здравствено осигурување добро стои дека сите оние болни пациенти кои користат здравствени услуги по основ на програми од Буџетот се ослободени од партиципација. Знаете, дојдовме во една многу непријатна ситуација еден закон кој навистина е добар Законот за здравствено осигурување на ваков начин да биде ставен на тапет и сите да ја префрлуваат вината на Законот за здравствено осигурување, а тоа во принцип и не е точно.

**НИКОЛА ИВАНОВ:** (Продолжение)

Законот е добар, меѓутоа ваквата недоволна координација меѓу Министерството за здравство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување створи една голема дилема кај сите членови на Комисијата за здравство и чувствувајќи голема одговорноста за здрављето на пациентите мислам дека сме единствената комисија каде Буџетот не помина токму од овие причини, првенствено заради недостатокот на средства во формирање на Буџет по основ на покривање на програмите кои се должност на државата и по основ на тоа што вработените во Фондот за здравство си ги подигнале платите, или се вработиле

нови, а од друга страна Владата применува такви рестриктивни мерки - предвремено пензионирање. Често пати беше зборувано за дефицитот во Фондот за здравствено осигурување, истото тоа стои како образложение за платите на здравствените работници што значи дека здравството е во тешка состојба, а вработените во здравството нашле за сходно да ги подигнат платите и си направат нови административни вработувања, а лекарите и медицинските сестри ќе си останат со истите плати и оние кои се невработени уште долго ќе чекаат работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, денеска расправаме за Буџетот на РМ, еден од основните проблеми со кој би требало да се занимава Парламентот во текот на годината. Веројатно некаде во светот тоа е настан на годината со оглед дека со Буџетот практично се дава едно право на Владата на РМ парите собрани од граѓаните на РМ по различни основи да си даде за право да ги потроши така како што мисли во тој момент Владата дека е најдобро.

По она што овде презентирано од страна на премиерот и од страна на министерот за финансии испадна дека дефинитивно РМ оваа година треба да слави и неслучајно Владата односно премиерот се огласи за тој кој што ќе го части македонскиот народ со 170 милиони марки, ако добро го слушнав.

За мене ова е апсурдна ситуација и никаде не сум видел во светот и не сум слушнал некој со мои пари да ме части. Од каде парите на премиерот и на Владата за да го части народот, кога сите тие пари од народот се собрани. Мислам дека таа логика не држи и според мене барем тој лапсус што некогаш го направил премиерот.

Тенденцијата да се покаже дека овој Буџет ќе биде нова страница дури во историјата за мене е неприфатливо затоа што може да се добие погрешен впечаток дека од оваа година во РМ работите одеднаш ќе се променат. Јас би сакал искрено да е така, но на жалост сите други параметри укажуваат на тоа дека РМ е далеку од тоа да биде земја на благослов, земја каде што граѓаните на РМ навистина комотно ќе живеат. Беше кажано овде дека РМ го намалила долгот спрема странство. По кажувањето на премиерот долго на РМ спрема странство е една милијарда и 400 милиони марки, но во расправата на Комисијата се укажа и докажа дека не е вистина дека РМ има долг спрема странство 1.400.000.000 марки, односно долари, туку има милијарда и 800 милиони долари, тоа беше потврдено и од страна на претставникот на банката и од страна на претставниците на министерството дека навистина е над 1.800.000.000 долари. Според едни тоа е точна бројка, 1.800.000.000 ако се рачунаат и каматите, а според другите, истата асоцијација произлегува и е точна ако се има предвид сите склучени договори спрема странство, а не се реализирани.

Се покажа дека РМ со оваа ситуација, со тешки социјални проблеми, кога се знае дека 70.000 семејства живеат од социјална помош, кога бројот на невработените, зависно од каде се црпат податоците го имате податокот од 36 -50% невработени, а искуството покажува дека кога една држава достигнува невработеност за 20 и повеќе посто - проценти, 25% ќе ве потсетам достигна Германија пред Втората светска војна, а некои од аналитичарите сметаат дека тоа и беше причината за Втората Светска војна. Ние денеска да има место за комодитет, да има место да велиме дека дефинитивно РМ влегува во тивки води за мене е апсолутно неприфатливо. Ако на ова се додадат и други параметри, дека дебалансот спрема странство од 400.000.000 а сега е 600.000.000 со тенденција до крајот на годината да биде 800.000.000 јас се прашувам дали навистина овде има место за поголем оптимизам.

Се зборува дека, тоа се веќе научени фрази од било која Влада дека било кој предлог на Буџет, дека овој Буџет е реформски, овој Буџет е со развојна компонента, овој Буџет е со социјална политика. Факт е на жалост дека и понатаму огромните средства од Буџетот се трошат во социјала. Факт е дека 17 милијарди денари денеска и понатаму ќе се трошат за социјала. Тоа не е доволен показател кој укажува дека РМ вложува многу во развојот. Тоа само покажува дека РМ е во длабока социјална криза.

Се зборува дека РМ имала развојна компонента, затоа што оваа година повеќе од било кога ќе се инвестира во јавниот сектор т.е. во некои патишта. Дури некои пратеници најдоа засходно јавно да кажат и да се заблагодарат на Владата што ги ставила во програмата, односно мисли

годинава да финансира одредени проекти. Но, забораваме дека сите тие проекти се само предвидувања, до тие средства и до тие пари РМ ќе дојде, а дали навистина ќе дојде, тоа сеуште не е јасно. Со оглед на тоа што, јас ќе бидам регионалист и локалист и ќе споменам меѓу другите проекти, еден од најбитните проекти, - прстенот околу Скопје, а за тоа сеуште немаме завршена финансиска конструкција и очекуваме од Пактот за стабилност да бидат тие средства доставени. Проектот за брза интервенција во тој Пакт за стабилност треба да заврши до 31 март, 31 март е тука, а ние сеуште немаме ништо за таа работа. Јас сум навистина скептик дали воопшто оваа година ќе почне, имајќи уште повеќе предвид на сите други бирократски и имотно - правни пречки на кои ќе се наиде при реализацијата на овој проект.

Се зборува дека РМ, дури некои пратеници, кои по се изгледа беа овде нарачани по секоја цена да го фалат и што им е задача од позицијата во Буџетот, дека многу ќе се инвестирало во инфраструктура од типот на водовод и канализација.

Јас колку што видов во таа ставка стои околу 180 милиони денари, што е нешто повеќе од минатата година, а од она што јас го гледам во практиката, барем теренот по кој се движам, стои фактот дека апсолутно последните две години ништо не е мрднато во тој поглед во средината каде што јас живеам. И понатаму, најблиските села во РМ до главниот град се без вода за пиење. Проектот запре 1998 година, додека ние бевме на власт. Од тој момент регионалниот проект за населените места Бојане, Копаница, Ласкарце, Јарнаке е стопиран. Исто така е стопиран и проектот за канализација на најрекреативниот дел Сарај - Матка, иако во претходните проект тоа беше ставено барем како проект. Денеска кој дел и тој рекреативно спортски центар, тој што е во корист на сите граѓани на РМ, првенствено на главниот град, сеуште е на листата на чекање, а по ова што гледам денеска како ставка на Буџет нема ни шанси да се почне.

Според тоа, во нашата комисија дојдовме до констатација дека треба да ја поддржиме идејата Министерството за финансии да направи максимални напори ставката за потребите од канализации, водовод да ја зголеми и дефинитивно основната денешна потреба за вода за пиење на граѓаните на РМ им се задоволува.

Едно е јасно. Оваа Влада е многу претпазлива. Многу добро и прецизно дефинирала непредвидени ситуации и токму затоа има обезбедено 4 милијарди и 700 милиони денари за не дај Боже ситуации. Тие не дај Боже ситуации, никој не може да предвидува кога ќе бидат, но во секој случај дали тоа ќе бидат социјални немири, дали тоа ќе бидат предвремени избори и слично, има одредени извори на средства кои во секој момент Владата на РМ ќе може да ги користи. Дури и една таква резерва, со оглед дека до ден денес нема јасна програма што ќе прави Владата со парите од Телеком, докажано е и останува скепсата и недовербата дали и тие средства во одредени ситуации, во одредени околности нема да бидат злоупотребени. Според тоа, секој еден кој што сака овде да пласира идеја дека со овој Буџет влегуваме во некоја нова историја и дефинитивно РМ ќе ги реши сите проблеми, јас мислам дека излегуваме од криза на РМ и треба многу работа, јасно стратегија како тоа да го направи. Не сум од тие кои што верувам дека тоа може да го направи со еден Буџет, ниту со два, ниту со три, но факт е дека Буџетот е инструмент кој што дава јасни правци кон што треба да се движи државата. Нажалост мојата констатација е дека и понатаму државата и државните службеници ќе тендираат да бидат покомотни, со оглед дека доволно средства одвоиле за таа намена. Граѓаните и понатаму ќе се борат за вода за пиење и канализација и други основни потреби.

Мислам дека тенденцијата овој Буџет да помине со порачани дискусии од одредени дискутанти во смисла да се фали се што е поднесено од Владата е неприфатливо. Дражта денеска отворено да продискутираме за отворени проблеми, да правиме напори одредени стапки по можност да ги корегираме, колку што можеме да ги корегираме и да ги усмериме средствата навистина во вистинскиот правец ќе биде допринос и на демократијата и на учеството на сите пратеници во создавањето на една ваква политика.

Јас и моите колеги имаме поднесено амандмани за одредени ставки од Буџетот и се надеваме дека ќе бидат прифатени од страна на Владата. Ако не од страна на Владата, барем од страна на колегите пратеници, кои најдиректно ги чувствуваат потребите на граѓаните на РМ посебно во сферата на инфраструктурата, водовод и канализација, образование, кои се општи потреби на граѓаните на РМ и мислам дека ќе бидат прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам на господинот Ризван Сулејмани.

Со оглед дека пратеникот Јордан Бошкова ја повлече пријавата, збор има господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, почитуван претседателе на Собранието и членови на Владата на Република Македонија, пред нас се наоѓа најважниот акт на фискалната политика за годинава, а тоа е Предлогот на Буџетот на Република Македонија. Јас сум свесен дека сега е мошне тешко да се интервенира во неговите позиции со цел пренамена на предвидените средства, меѓутоа, ќе се обидам да укажам на неговите карактеристики и недостатоци со цел да се знае и да остане забележано. Впрочем улогата на пратениците на помалите партии и особено на оние на опозицијата, главно се сведувала и се сведува на артикулирање на барањата од тој дел од кај што се делегирани, а потоа генерациите што ќе идат, ќе проценат и ќе пресудат по тоа.

Многумина дискутанти пред мене подвлекоа дека економската ситуација ни налага многу да бидеме внимателни и во овие средства кои што за годинава ќе бидат наменски трошени во интерес на граѓаните на Република Македонија. И покрај тоа што животниот стандард на граѓаните е условен од неговиот економски статус, бидејќи на дело е стратегијата на отпуштање на работници. Контингентот на невработените станува најдинамична категорија на нашето општествено живеење кој постојано се потполнува со нови елиминирани граѓани од работа. Во услови кога 362 илјади се наоѓаат на Бирото за вработување, околу 90 илјади невработени не примаат плата, додека 97 илјади примаат плата со задоцнување од 2-3 месеци, а егзистенционалниот статус на граѓаните е видливо загрозен.

Просечната плата од 9.200,00 денари е за 20% помала од кошницата на елементарните животни потреби. Најновиот бран поскапувања и на услугите претставува дополнителен удар врз поскапата порција на македонскиот граѓанин. Прашањето на издржливост ја содржи димензијата на непредвидливоста на социјалната експлозија на акумулираните ефекти од пропаѓањето на наследниот културен модел од живеење. Илузијата на реформската догма може да се одржува уште некое време, а потоа да почне деструктивниот процес на распаѓање. Модус е да се спречи таквиот процес и да се канализира негативната енергија кај самиот народ на Република Македонија. Светската банка ја процени вредноста на вкупниот долг од 1.836.000.000 долари, или 48,7% од општествениот бруто производ и загрижува податокот што Светската банка за 1998 година не како проценка, туку како дефинитивна состојба нашиот долг го вреднува за 1.556.000.000 долари, или 44% во услови кога НБМ го дава вакviот податок за 1990 година вклучувајќи го растот на долгот од 1998 година, 1999 година од 2,7%.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Дискрепанцијата во статистичката база е евидентен факт кај тие што ние не ги храниме со податоци. Исто така, кај независните кредитни институции, кои се занимаваат со процена на кредитниот бонитет на земјата, како на пример АМРО банката, за нашиот долг фигурира индикаторот 55,7 отсто од ОБП. Токму таквите публикации не презентираат во светската финансиска јавност како земја со висока задолженост. Затоа постоењето на документирана ситуација на различни процени и оцени на големината на долгот асоцира веќе на проблем. Всушност, процентот на задолжување ги помина рамките на можноста на контрола од страна на монетарната власт, посебно поради зголемувањето на нерегистрираните шпекулативни финансиски текови во државата - 9.220 милиони долари во 1999 година. Можеби еден ден ќе дојдеме во ситуација, како што течат процесите во нашиот монетарен штаб, странски ревизорски експерти да ни ја "средуваат" евиденцијата на долговите.

Стапката на задолженост на Македонија станува алармантна во услови кога постои константна тенденција за зголемување на учеството на долгот во ОБП. Така, во 1995 година долгот изнесуваше 27,1 отсто, а во 1999 година порасна на 42,02 отсто (извор на НБМ). Според ММФ, проектиран е пораст на долгот на 48,6 отсто ОБП (Press Release N.00/63). Таквата тенденција не е добра. Таа станува уште позагрижувачка во корелација со другите индикатори на задолженост. Во моментот тие се шпекулативно надуени, бидејќи базичниот прилив од извозот не е пречистен од непостојаниот приход (околу 40 отсто), кој како методолошки проблем произлегува од калкулацијата на лон-производството без бруто принцип. Конечно, реалниот тренд на постојано вложување на односите на размена, поради се пониската конкурентност на нашиот извоз, ја потенцира опасноста од непреземање мерки за пресекување на постојниот тренд.

Таквите мерки треба да бидат во дел интервентни (на краток рок), т.е. да се изгради оптимална економска и политичка опција за спречување и корекција на постојниот платно - билансен дефицит, додека долгорочно треба да се создадат услови за структурни промени во стопанството, стимулирање на извозни приоритети во услови кога причините за нерамнотежата се наоѓаат во стопанскиот развој на земјата. Препуштањето на, стихијата во случајот до крајни граници ќе го изостри должничкиот проблем во земјата, а консеквенциите на таквата состојба ќе ги платат граѓаните преку децениско лимитирање на можностите за остварување на развојно сценарио на земјата.

Предлог - Буџетот за 2001 година, морам да констатирам дека и според формата и според содржината, во голема мера се разликува од финансиско правните акти, за изминатите години. Имено, Предлог - Буџетот за годинава во потполнет е сообразен според меѓународните стандарди и во него одделно се прикажуваат изворните и одделно приходите по други основи што се дел на трезорскиот систем. Ова е презентирано во самиот Буџет, а јас сум сигурен дека овие укажувања не се доволно користени од она што и странските инвеститори ни обрнуваат внимание.

Затоа имаме Буџет со нето и бруто приходи. Нето приходите (оние од изворните приходи) изнесуваат 60,979 милијарди денари а бруто приходите (во кои се вклучени и приходите по други основи), изнесува 78,194 милијарди денари.

И по едниот и по другиот основ тие заедно со кредитите од меѓународните финансиски институции за финансирање на дефицитот од 5,280 милијарди денари не се толку доволни за покривање на сите предвидени расходи.

Нема сомнение дека како и во изминатите години, фискалната политика како и политиката за плати за годинава се координирани со монетарната политика за годинава. Фискалната политика, исто така базира на основните претпоставки на макроекономската политика за годинава (пораст на бруто домашниот производ за 6,0% стапки на инфлација од 1,2% и стабилен девизен курс на денарот) и не само тоа.

Со оглед на предвидениот износ за капитални трошоци во износ од 6,154 милијарди денари и за капитални трансфери од над 2,0 милијарди денари, слободно може да се каже дека Предлог - Буџетот за 2001 година има и развојна компонента. Да се надеваме дека тоа во конечна смисла на зборот и ќе се оствари. Тоа е голем знак прашалник до крајот на 2001 година.

Анализата на обемот на структурата на Предлог - Буџетот за 2001 година мене ме убедува и во следното.

- околу 50% од неговите приходи се очекуваат од данокот на додадена вредност; 15% од увозни давачки (царини и такси); 20% од неданочни приходи и 8% по основ на разни трансфери како и по други основи.

Ова е добро планирано, само да се надеваме дека тоа ќе може да се успее.

Средствата што ќе се соберат според предлогот и треба да одат: 25% на плати, наемнини и разни надоместоци, 28% на тековни трансфери, по 10% на стоки и услуги, за капитални трошоци и за заеми и хартии од вредност.

Меѓутоа, може да се оцени дека станува збор за реален распоред на средства по намени. Меѓутоа, кога се анализира другата структура - глобалните намени, тогаш ќе се констатира дека половина од нив се наменети за финансирање на администрацијата (општите/јавни услуги) и за социјална заштита и социјална сигурност преку 30 милијарди денари, потоа за одбрана на 4,5 милијарди денари и преку 5 милијарди денари за јавна безбедност. Се забележува една нелогичност, повеќе средства се предвидени за полицијата отколку на финансирање на армијата како да сме полициска држава. А, се знае, потребите на армијата се далеку поголеми и таму сепак се бараат поголеми средства да се определат со овој Буџет. Но тоа ни се повторува со години, и покрај нашите сериозни укажувања на претходно усвоените Буџети што ги имавме во претходните години.

За финансирање на образованието се предвидени 7,689 милијарди односно на 10,0 милијарди денари во бруто износ и тоа за:

-Основно образование
4.423.073.000

- средно
1.338.700.000

- високо
1.149.677.000

За жал, од предвидените средства за финансирање на високото образование не може да се види колку од нив ќе одат за финансирање на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, колку за финансирање на Универзитетот "Св. Климент Охридски" од

Битола и колку за финансирање на Универзитетот во Тетово.

Г-да пратеници, треба да гледаме напред за иднината наша и на нашите поколенија. Ова време ќе се памети по нашето дејствување во позитивна смисла, а не по власта на одредени политичари. Тие и припаѓаат на дневната политика, а универзитетското образование и припаѓа на вечноста.

Владата на РМ со Предлогот на Буџетот за 2001 година најнапред треба да ја констатира вистинската состојба за универзитетот во Тетово што е тој, што работи, зошто постои и за кого постои, што остварува, во какви услови работи Тетовскиот универзитет, во каква финансиска состојба е, кој го финансира него, како се одржува, како ги извршува своите задачи, колкав и каков ќе биде неговиот производ, што ќе се случи со неговиот производ, со научните сознанија и со стручњаците што ќе ги создава и тие што ќе ги создава во иднина, каква ќе им биде продуктивноста, како ќе ги изнесува сознанијата, како ќе се однесува спрема образованието и унапредувањето на своите кадри, што дава и што бара Тетовскиот универзитет.

Сите овие и уште многу други неопходни општи или поспецифични прашања ја плетат мрежата на размислата и на сознанијата за Предлог Буџетот на РМ за 2001 година.

Владата на РМ значи сеуште, без сила да и се погледне директно во очи на јавноста и да и се соопшти вистината дека можеби се немаат вистинските инструменти за мерење на потребата за едукација и еманципација на албанската популација во тој центар, кои според одредени експерти се сосема различни од оние што се користат при мерењето на природата и потребата за високо образование на албанската популација. Некои пак експерти дури пак и немаат волја да се преземе таа одговорност и за Тетовскиот универзитет да се предвидат средства за неговото финансирање.

Но веројатно во сиромашна држава каква што е РМ алиби е во тоа да се очекува одговорноста за едукација за албанската популација, кои би биле пред финансиските заштеди во Буџетот. Таа политика е валкана политика и таа политика РМ ќе ја доведе можеби и во непредвидливи политички ситуации.

Нејасно е зошто во Владата на РМ не обрнуваат внимание ниту на размислувањата на природното право на албанците за високо образование.

Македонската Влада и овој пат го избра најлесниот пат, заедно со сите вработени во Министерството за образование, наука и физичка култура, да ни објасни дека во земјата нема потреба од финансирање на Тетовскиот универзитет, надлежните институции си ја вршат својата работа и т.н.

Штулов проект за отворање високо школска институција, која пред се ќе биде наменета за високо образование на албанците од РМ, но и за сите други заинтересирани студенти што Владата на РМ се согласи и го одобрува, е срам за самите Македонци а потоа и за оние албанци кои тоа го прифатиле. Тоа е многу голема срамота на прагот на третиот милениум.

Одделни структури во Владата на РМ, како од Македонската популација така и од Албанската, од Штуловиот проект имаат голем мерак да си направат "високообразовна институција" како ја нарекуваат универзитетска институција за југозападна Европа.

Сите погоре споменати ставови ставете ги на вага, на кантар, до колку имате чувство за некакви мерки, видете каде ќе натежнат аргументите, дотолку повеќе ако тоа што вие го кажувате воопшто се некакви аргументи. Отворете ги очите господа од Владата и погледнете ја реалноста, бидејќи таа друго зборува.

Сметам дека токму поради тоа ако дојде до финансирање на универзитетот во Тетово, а до тоа ќе мора да дојде, за тој износ ќе се зголеми предвидениот дефицит.

На крајот, преку Предлог - Буџетот за 2001 година не може да се види финансирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во РМ. Сметам дека и тука треба да бидеме по децидни ако сакаме да ги намалиме евидентните разлики во развојот што директно или индиректно ја тангира националната рамноправност на граѓаните на нашата Република.

Заради изложеното јас ќе се воздржам од гласањето во врска со овој Предлог - Буџет на РМ за 2001 година, а воедно каде што можеме да реагираме тоа ќе го направиме амандмански.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Слободан Даневски.

Се повлекува.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлог - Буџетот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на член 3, раздел 02001, ставка 420 потставка 420026, потставка 420034, потставка 420050, потставка 420069 и на потставката 420077 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Филип Петровски поднесе амандмани на член 3 раздел 14001, ставка 441, потставка 441414 и на раздел 16101, ставка 427 и потставка 427136 и на член 3 раздел 16101, ставка 442, потставка 443190 и на раздел 16101 ставка 468 и на потставка 468010, по кои Владата не се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Пратеникот Нано Ружин поднесе амандман на член 3, Раздел 09002, ставка 443 потставка 443140 и на Раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за екологија, млади и спорт, поднесе амандман на текстот на Предлогот на Буџетот на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата на насловот на член 1, член 3, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4 на текстот на Предлогот на Буџетот и на член 3 на текстот на Предлогот на Буџетот на Фондот на магистрални и регионални патишта.

Пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам поднесоа амандмани на член 3 раздел 02001, ставка 402, потставка 402010 и потставка 402028, на раздел 09002, ставка444, потставка 444235.

Член 3 раздел 02001, ставка 420, потставка 420026, потставка 420034, потставка 420050, потставка 420069 и на потставка 420077 и на Раздел 09002, ставка444, потставка 444235.

Член 3 раздел 02001 ставка 423, потставка 423017, потставка 423025 и на потставка 423033 и на Раздел 09002 ставка 444 потставка 444235.

Член 3 раздел 02001 ставка 426, потставка 426130 и на потставка 426156 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235.

Член 3 раздел 02001 ставка 427, потставка 427098 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 и на член 3 раздел 02001 ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002 ставка 444, потставка 444235, по која Владата не се произнела.

Пратениците Гоце Трајановски, Александар Талевски, Панде Томов, Хисни Шакири, Митко Киров, поднесоа амандман на член 3 раздел 04008, ставка 424, потставка 424013, раздел 04008, ставка 424, потставка 424064, раздел 04008 за отворање нова ставка 464, потставка 464090, по потставката 463094 и на раздел 09002, ставка 483, потставка 483004, по која Владата не се произнела.

Пратеникот Хисни Шакири поднесе амандман на член 3 - Посебен дел, раздел 10001 за обединување на програмата под реден број 11, на програмите под реден број 12, 13,14, 15 и 16 и на член 3, Посебен дел - раздел 10001, за издвојување во посебен раздел 11003, на Програмата под раздел број 17 по која Владата не се произнела.

Пратеникот Билал Љутфии поднесе амандман на член 3 раздел 16001, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по која Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Батковски, поднесе амандмани на член 3 раздел 16001, ставка 441, потставка 441317, на раздел 09002, ставка 444 потставка 444235 и на раздел 16001, ставка 441 потставка 441325 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по која Владата на се произнела.

Пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчески, поднесоа амандмани на член 2 во ставката 711, потставка 7111 потставка 7112 и потставка 7113.

Во член 2 ставка 714, потставка 7147 и потставка 7142.

Во член 2 ставка 716, потставка 7161.

Во член 2, ставка 721, потставка 7211.

Во член 2 ставка 731, потставка 7262.

Во член 2 ставка 731, потставка 7321.

Во член 2 ставка 742, потставка 7421.

Во член 2. ставка 761, потставка 7611.

Во член 3, раздел 01001, Програма 11, ставка 420 и ставка 463.

Во член 3, раздел 01001 и на поткатегорија 46 за бришење на ставките 463, 464 и 468.

Член 3 раздел 02001, ставка 420, ставка 423, ставка 425, ставка 426, ставка 427, ставка 463 и на ставка 468.

Член 3, раздел 02002 ставка 463.

Член 2 раздел 03001, ставка 426.

Член 3, раздел 04001, ставка 420, ставка 426 и ставка 427.

Член 3, раздел 04002, ставка 426, ставка 463 и ставка 468.

Член 3, раздел 04007, Програма 11, ставка 402, потставка 402095, ставка 420, ставка 426 и потставка 426105.

Член 3, раздел 04008, Програма 11, ставка 463 и ставка 468.

Член 3, раздел 05001, Програма 11, ставката 401, ставка 463 и ставка 464. Програма 12, ставка 401, потставка 401021 и ставка 463.

Член 3, раздел 06001, ставка 401, ставка 463, ставка 464 и ставка 468.

Член 3, раздел 07001, ставка 464 и ставка 467.

Член 3, раздел 08001, Програма 11, ставка 462 и ставка 463.

Член 3 раздел 09001, Програма 11, ставка 426 потставка 426130, ставка 426 потставка 426296.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 443, ставка 443, потставка 443140, ставка 443, потставка 443182.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444 и потставка 444057.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444, потставка 444111.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444, потставка 444197.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444, потставка 444200.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444, потставка 444227.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 444, потставка444197.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 451, потставка 451096 и ставка 452.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 462.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 466.

Член 3 раздел 09002, Програма 12, ставка 483, потставка 483010.

Член 3 раздел 09005, Програма 11, ставка 420.

Член 3 раздел 12101, Програма 11, ставка 426.

Член 3 раздел 13001, Програма 11, ставка 420, ставка 401, потставка 401021, ставка 426, потставка 426016 и на ставка 426.

Член 3 раздел 13003, ставка 401, ставка 420, потставка 420018, потставка 420050, потставка 420069, потставка 420077, ставка 424, потставка 424013, потставка 424048, ставка 426, ставка 463, ставка 464 и ставка 467.

Член 3 раздел 14001, ставка 401, ставка 426, потставка 426024, потставка 426083, ставка 441, потставка 441031, потставка 44198, потставка 441414, ставка 467, потставка 467057, ставка 471, потставка 471038, потставка 471058, потставка 471054 и на потставка 471054.

Член 3 раздел 14002, Програма 11, ставка 401, Програма 14, ставка 401 и ставка 424, потставка 424013.

Член 3 раздел 15001, ставка 463 и ставка 464.

Член 3 раздел 15010.

Член 3 раздел 15020, ставка 443, потставка 443018, ставка 443, потставка 443085, потставка 443093.

Член 3 раздел 16001, Програма 12, ставка 401, ставка 423, потставка 423025, ставка 425, потставка 425010, потставка 425044, ставка 441, потставка 442201, ставка 468 и потставка 468010.

Член 3 раздел 16001, Програма 13, ставка 401, ставка 441, потставка 441201.

Член 3 раздел 16001, Програма 14, ставка 425, потставка 425010, ставка 425, потставка 425044, Програма 15, ставка 441, потставка 441011 и потставка 441031.

Член 3 раздел 16001, ставка443, потставка 443140.

Член 3 раздел 18010, категоријата 40.

Член 3 раздел 19001, ставка 441, потставка 441015, потставка 441023, потставка 441031, потставка 441040, потставка 441058, потставка 441066, потставка 441074, потставка 441082, потставка 441333, потставка 441368, потставка 441384 и потставка 441392.

Член 3 раздел 19101, ставка472, потставка 472093.

Член 3 раздел 19201, ставка 441, потставка 441104 и за додавање нова потставка.

Член 3 раздел 19301, ставка 441, потставка 441287 и ставка 444, потставка 444138.

Член 3 раздел 30001, ставка 401.

Член 3 раздел 31001, ставка 401.

Член 3 раздел 31101, ставка 401.

Член 3 раздел 33001, ставка 401.

Член 3 раздел 33002, ставка 401.

Член 3 раздел 33004, ставка 401.

Член 3 раздел 34001, ставка 401.

Член 3 раздел 34002, ставка 401.

Член 3 раздел 34003, ставка 401.

Член 3 раздел 35001, ставка 401.

Член 3 раздел 35002, ставка 401.

Член 3 раздел 35003, ставка 401.

Член 3 раздел 35004, ставка 401.

Член 3 раздел 35005, ставка 401.

Член 3 раздел 35006, ставка 401.

Член 3 раздел 35007, ставка 401.

Член 3 раздел 35008, ставка 401.

Член 3 раздел 35009, ставка 401.

Член 3 раздел 35010, ставка 401.

Член 3 раздел 35011, ставка 401.

Член 3 раздел 35012, ставка 401.

Член 3 раздел 35013, ставка 401.

Член 3 раздел 35014, ставка 401.

Член 3 раздел 35015, ставка 401.

Член 3 раздел 35016, ставка 401.

Член 3 раздел 35017, ставка 401.

Член 3 раздел 35018, ставка 401.

Член 3 раздел 35019, ставка 401.

Член 3 раздел 35020, ставка 401.

Член 3 раздел 35021, ставка 401.

Член 3 раздел 35022, ставка 401.

Член 3 раздел 35023, ставка 401.

Член 3 раздел 35024, ставка 401.

Член 3 раздел 35025, ставка 401.

Член 3 раздел 35026, ставка 401.

Член 3 раздел 35027, ставка 401.

Член 3 раздел 36002, ставка 401.

Член 3 раздел 36004, ставка 401.

Член 3 раздел 36005, ставка 401.

Член 3 раздел 36006, ставка 401.

Член 3 раздел 36007, ставка 401.

Член 3 раздел 36008, ставка 401.

Член 3 раздел 36009, ставка 401.

Член 3 раздел 36010, ставка 401.

Член 3 раздел 36011, ставка 401.

Член 3 раздел 36012, ставка 401.

Член 3 раздел 36013, ставка 401.

Член 3 раздел 36014, ставка 401.

Член 3 раздел 36015, ставка 401.

Член 3 раздел 36016, ставка 401.

Член 3 раздел 36017, ставка 401.

Член 3 раздел 36018, ставка 401.

Член 3 раздел 36019, ставка 401.

Член 3 раздел 36020, ставка 401.

Член 3 раздел 36021, ставка 401 и

на член 3 раздел 36022, ставка 401, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Билал Љутвии поднесе амандман на член 3 раздел 16001, Програма 12, ставка 468 и потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 462, потставка 462039, по кои Владата не се произнела.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Истовремено пратеникот Биљал Љутвии, го повлече амандманот под број 07-18 9/9 од 24 јануари 2001 година.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на член 3 раздел 13001, ставка 465 потставка 465020 и на раздел 09002, ставка 462 потставка 462039, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 3, раздел 26001, Програма 11 под категорија 42 ставка 426, потставка 426075, потставка 426130 и на раздел 090-04 - Програма 11 поткатегорија 44 ставка 444, потставка 444057, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 2 за менување на ставката 7147, со ставката 7141 и за додавање нова поткатегорија 717 и нова ставка 7171, по ставката 7161 и на ставките 7212, 7224, 7241, 7251, 7259 за заменување на ставката 7262 со поткатегоријата 731, ставка 7265 за додавање на нова поткатегорија 732, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 3 - Посебен дел за бришење на Програмата 11 по Програмата 12 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов, поднесе амандман на член 3 во, - Посебен дел за сведување на одделни потставки кои се дуплираат во единствени потставки по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Филип Петровски, поднесе амандман на член 3 - раздел 06001 , Програма 13, член 3 - раздел 10001 - Програма 12 и на член 3 раздел 180001 -

Програма 11, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани, поднесе амандман на член 3 - раздел 11001 - ставка 472, потставка 472026 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Фатмир Етеми и Хисни Шаќири, поднесоа амандмани на член 3 - раздел 14001, ставка 441, потставка 441198 и на раздел 14001, ставка 471, потставка 471054 и на член 3 - раздел 19101 - Програма 11, ставка 472, потставка 472093 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели, поднесоа амандмани на член 3, раздел 16001 - Програма 12, ставка 425, потставка 425010, потставка 425044 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235 и на член 3 - раздел 16001- Програма 13, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јонуз Абдулаи и Биљал Љутвии, поднесоа амандман на член 3 - раздел 15020 - Програма 14, под категорија 44 и ставка 443, потставка 443182 и на раздел 09004 - Програма 11 поткатегорија 44, ставка 444, потставка 444057 по кој Владата не се произнела.

Истовремено пратениците Јонуз Абдулаи и Биљал Љутвии го повлекоа амандманот под број 07-189/16 од 30 јануари 2001 година.

Пратениците Азис Положани, Оломан Сулејмани, Абдула Алију, Абдулади Вејсели и Ризван Сулејмани, поднесоа амандман на член 3 - раздел 16001 - Програма 12, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Оломан Сулејмани, Абдула Алиу, Азис Положани, Абдулади Вејсели, поднесоа амандман на член 3 - раздел 16001 -Програма 14 и на раздел 09002, потставка 444235, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Валентина Божиновска, Делче Ицков, Филип Петровски, Данило Глигоровски, Александар Пандов и Димитар Батковски, поднесоа амандман на член 3 - раздел 04007, ставка 401, ставка 402, ставка 420, ставка 421, ставка 423, ставка 424, ставка 426, ставка 427, ставка 441, ставка 463 и на ставка 468 и на раздел 09001, ставка 423, потставка 423033, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Нано Ружин и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 3 - раздел 05001 - Програма 17, ставка 443, потставка 443140 и на раздел 09004, ставка 444 , потставка 444057, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот...

Не се доволно добро средени амандманите, потребна е една пауза од десетина минути да видиме да се досредат за да можеме да прејдеме на изјаснување.

Ве молам, пауза од десет минути.

Има премногу амандмани и сами видовте. Има преку 200 и нешто амандмани, ако можеме да ги средиме до тогаш, ако не веројатно ќе мораме утре да продолжиме.

Ќе видиме сега, што може сега да се направи да се работи, десет минути пауза.

Во 17,40 часот претседателот даде пауза.

(По паузата).

Ги молам службите во Собранието и тие во Владата да си ги довршат работите околу амандманите и ќе продолжиме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,5 часот).